СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Првото  продолжение на Четириесет и седмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 5 јуни 1996 година

Скопје, јуни 1996 година

**I ПРОДОЛЖЕНИЕ НА 47 (ЧЕТИРИЕСЕТ И СЕДМА) СЕДНИЦА,**

**ОДРЖАНА НА 5. VI. 1996 ГОДИНА**

| | |
|---|---|
| 1. АНДОВ СТОЈАН 8, 10 | т.3-стр.1 |
| 2. АБДИ ФАИК 49, 51, 54, 55 | т.4-стр.11 |
| 3. БАЈРАМ АМДИ 93 | т.5-стр.15 |
| 4. ДИМОВ ЛАЗО 36, 37 | т.6-стр.22 |
| 5. КАРОВ ЗВОНК0О 2, 11, 14, 15 | т.7-стр.113 |
| 6. КОТЕВСКИ СЛАВКО 15 | т.8-стр.114 |
| 7. КОРНЕТИ МЕЛПОМЕНИ 94, 99, 109 | |
| 8. МЕШКОВ ЉУПЧО 13 | |
| 9. НАЧЕВСКИ МАРЈАН 14 | |
| 10. НАСТОВСКИ ДИМЧЕ 25, 29 | |
| 11. НАСЕВ ПАНЧЕ 30 | |
| 12. ОСМАНИ РУФИ 39, 44 | |
| 13. НАЈДОВСКИ СЛОБОДАН 18 | |
| 14. ПЕТКОВСКИ ТИТО 1 | |
| 15. ПАУНОВ ТЕОДОСИЈА 73, 75 | |
| 16. ПОПОВСКИ Г. НИКОЛА 77, 82 | |
| 17. СТ0ОЈКОВСКИ БЛАГОЈА 31 | |
| 18. РАМАДАНИ ХИСЕН 69 | |
| 19. РАМАДАЖИ ИСМЕТ 75, 90, 92 | |
| 20. СТАНКОВСКИ ВЛАДИМИР 57, 60 | |
| 21. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ 65, 68, 91,92 | |
| 22. СУЛЕЈИАНИ РИЗВАН 88, 90 | |
| 23. ТУДА РАМИ 22 | |
| 24. ТРПЕНОВСКИ ДИМИТАР 82 | |
| 25. ФИЛИПОВСКИ БЛАЖЕ 6 | |
| 26. ФИТИ ТАКИ 6 | |
| 27.ЧАДИКОВСКИ ЉУБОМИР 56 | |

СЕДНИЦАТА ПРОДОЛЖУВА!

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од продолжението на Четириесет и седмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 5 јуни 1996 година

Седницата се одржа во салата за седници на Собранието на Република Македонија, со почеток во 12,05 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше господин Тито Петковски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Продолжуваме со работа.

Пратениците Благоја Силјановски, Здравко Стојковски, Зоран Шапуриќ, Слободан Даневски, Симон Наумовски, Панче Минов и Ѓорѓи Атанасов ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинство пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Минуваме на **точката 3** - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за царините, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот, Мислењето на Владата и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на закон.

Комисијата за финансирање и буџет и Комисијата за економска политика и развој му предлагаат на Собранието да не го

усвои Предлогот за донесување на овој закон од причините наведени во извештаите.

Молам, кој бара збор?

Има збор господин Каров, предлагачот на законот.

**ЗВОВКО КАРОВ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници, господа министри и претставници на Владата.

Вообичаено е и мислам задолжително Владата на Република Македонија да ја разгледува и донесува макроекономската политика кон крајот на годината. До колку нејзините согледувања за макроекономските движења подетално не се разработат и внесат во нејзината програма за работа, донесената макроекономска политика ќе биде таа и Владата ќе работи во тековната година. Преку неа, меѓу другото, ќе бидат прикажани и условите и ограничувањата во макроекономските движења, ќе биде кажана политиката на доходот, ќе биде кажана политиката на цените, фискалната политика, монетарно - кредитната политика и посебно за овој дел за што денеска расправаме, движењата во надворешниот сектор. Значи, макроекономската политика во отсуство на подетално разработена програма за работа на Владата ќе биде таа по која што Владата ќе се раководи и движи во текот на годината.

Токму во делот што значи движење на работите во надворешниот сектор спаѓа и делот што и денеска е пред вас како Предлог за донесување, делот и политиката на царинските контингенти, каде што веќе сме кажале, сме информирани кон крајот на минатата година дека постојат согледувања дека треба да се изострат критериумите за царинските олеснувања и за царинските ослободувања. Се работи за увозот на суровини, репроматеријали, за увозот на опрема, суровини и

тн., а висината на тие контингенти би зависела од билансните потреби на земјата.

Тоа значи дека политиката на царинските контингенти ќе биде присутна уште во државата, а во кој и каков обем ќе зависи од две работи:

1. Што е тоа што ние сакаме да го стимулираме со политиката на развој преку политиката на царинскиот контингент, односно преку политиката на царинските олеснувања и царинските ослободувања? Што значи, кои се тие гранки, која е таа опрема, кои се тие резервни делови, суровини, репроматеријали и тн. што ние и можеме и мораме да ги знаеме и мораме да ги правиме, а стопанствениците тоа треба да го знаат на почетокот на годината. Тоа претпоставува дека Владата уште со донесувањето на макроекономската политика кон крајот на годината. Значи, една целосност, видик за тоа што ќе претстои во наредниот период.. Значи, за овој дел нема што да бараме решение зависно од тековните развојни потреби во текот на годината.

Втората работа, во текот на годината дозволени се само интервенции во царинските контингенти преку намалување, укинување или ослободување за настани што навистина не можат да се предвидат за тоа што не чека и воопшто за случувања што можат да предизвикаат сериозни пореметувања во работењето.

Значи, за настани што можат да предизвикаат пореметување во вкупните биланси на земјата, па само тогаш и само тогаш се донесува дополнителна одлука за определување во такви случаи на царински контингент.

Во овој дел би сакал да заклучам, основната одлука или актот за царински контингент ќе се донесува и треба да се донесува на почеток на

годината, дека се она што значи развој, се она што Владата мисли дека треба да се развива, што самото по себе покажува дека терминот "тековни развојни потреби" или да го преведам ќе видиме како ќе се развиваме во текот на годината па тогаш ќе носиме царински контингенти, а дополнение на овој акт Владата ќе носи и треба да носи само во случај и по потреба кога има сериозни пореметувања што не можат да се предвидат. Дури и во такви случаи прво се пристапува кон промена и измена на вкупната макроекономска политика, па после се оди на политиката, измена на политиката на царинските контингенти.

Сакам да ја дообјаснам и втората работа, воопшто не е точно дека станува збор за облигаторност, односно задолжителност во донесувањето на актот. Кажано е дека Владата може да донесува во тековната година, во согласност со својата макроекономска политика и политиката на развој одлука за царински контингент за увоз на определени стоки што можат да се увезат без плаќање на царина или со плаќање на царина по стапка која е пониска од стапката пропишана со законот за царинската тарифа. Тоа значи дека постои само можност и тоа Владата да го искористи.

Тоа значи, ако Владата утврди во макроекономската политика дека сака да ја користи таа можност, тоа ќе го направи на почетокот на годината, што значи ако оди на тоа да ја искористи можноста царинскиот контингент и актот ќе го донесе на почетокот на годината. Ако смета дека е во макроекономската политика нема потреба од воведување и искористување на можноста за донесување на одлука за царински контингент, тогаш нема потреба и од донесување на тој акт.

Кои беа причините почитувани колеги за една ваква интервенција за изменување и дополнување на Законот за царини, поточно за делот што се однесува на донесувањето на одлуките, дали постои можност за тоа или не на царинските контингенти.

Уште на почетокот на годината стопанските субјекти да бидат во можност да знаат што е тоа, која е таа гранка, која опрема во таа гранка, кои суровини, кои резервни делови согласно политиката што води Владата и што ја утврдила Владата, за кои гранки ќе се утврдува царинскиот контингент.

Втората работа, со навременото утврдување на билансните потреби на производството во земјата, само да се потсетиме сега се создадени со претходните активности, па и сегашните активности, услови да работиме во еден порелаксиран амбиент, да се потсетиме, имаме подефинирани услови за работа, отворена јужна граница, укинати санкции. Според тоа, кога веќе сме во можност во едни понормални услови, така да кажам да можеме да го планираме и производството и развојот во Републиката, мислам дека Владата треба да каже што е тоа што сака да развива во Републиката и во тој дел и со политиката на царинските контингенти на време да го каже.

Третата причина, навремено да можат стопанствениците да ги преземат сите активности за користење на правата што произлегуваат од одлуката или од актот за царинскиот контингент.

Четвртата причина, што лично мислам дека е многу важна, да се отстрани и последната трунка на сомнеж на секој еден, па макар до сега и се лажел во тоа, дека актот или одлуката за определување на царинскиот контингент не бил достапен за сите стопански субјекти или дека со нејзиното доцно донесување не биле во можност да го користат тоа право што следува.

I/6.-

Почитувани колеги, сакам пред вас да изразам задоволство дека предложените измени во Законот за царини, во делот што ја регулираат материјата за царинските контигенти наиде на позитивен одек и поддршка од Стопанската комора, од асоцијацијата на стопанствениците, бидејќи овие измени и од многу колеги и до собраниската, комисии морам тоа да го кажам, бидејќи овие измени нудат можност, нудат решение во интерес на стопанствениците.

Ве молам да дадете поддршка на овој предлог.

(Во отсуство на претседателот на Собранието, со седница- та продолжи да работи Блаже Филиповски, потпретседател на Собранието на Република Македонија).

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Кој друг бара збор?

Има збор господин Таки Фити, министер за финансии.

**ТАКИ ФИТИ:**

Пред да се одлучува за овој предлог мислам дека треба две работи добро да се разграничат:

Развојната компонента на царинската политика сега се регулира со Царинскиот тарифник. Во основа и во суштина. Тука е и фискалната компонента, развојната и заштитната. Основниот закон е Царинскиот тарифник.

Постоењето во практиката, особено во земјите во транзиција, на мерки какви што се овие, царински контингент односно ослободување од плаќање на царина на определени стоки, други контингенти, квантифицирања и тн., не е во согласност со принципите на пазарната економија. Вие знаете дека во основа, секое ослободување на било кој стопански субјект од царина во една национална економија прави

дисторзија. Едни стопански субјекти ги става во поповолна положба, оние што ќе ги ослободи, а други ги става во нерамноправна положба бидејќи другите мора да ја платат таа царина. На стартот ги правите нерамноправни.

Затоа, и со принципите на Светската организација се инсистира и се повеќе ќе бидеме подложени на тоа кога набрзо ќе ги отвориме преговорите со постојната трговска организација, поранешниот ГАТ, едноставно,да се ослободуваме од такви мерки што се во колизија со основните принципи на пазарната економија. Меѓутоа и тука се согласувам во тој дел, бидејќи во таа смисла и господинот Каров потенцираше, мислам дека тоа е во ред. Со тек на вре- ме од тоа треба да се ослободуваме. Но, сега постојат, такви какви што се.

Видете, ние не можеме да креираме посебна развојна политика со царинскиот контингент со одлуката за ослободување од царини. Ако појдеме од она што го предлага господинот Каров, се јавува еден друг, многу практичен проблем. Тоа е следното, ако ние на самиот почеток со макроекономската политика или со почетокот на календарската година тоа го направиме и ако тоа биде објавено, како што вели господинот Каров, ние ќе се доведеме во ситуација во текот на годината, тогаш објективно ќе настане потреба, можеби некои стоки производи и услуги и опрема да се ослободат, тоа да не можеме да го направиме. Прашање е дали ќе дојде во текот на годината до таква потреба и дали воопшто ќе одиме на царински контингент.

Не треба да си ги врзуваме рацете. Сега брзо имавме случај, со маслото и шеќерот, како што знаете. Беше објавено и во печатот. Кога побараа да се изврши ослободување од царини, каде што Владата има некое дискреционо право да размисли, да оцени дали се исплати во

дадениот момент капацитетот да мирува, да не произведува, да не работи или можеби да му се обезбеди увоз под повластени услови, по поповолни услови на репроматеријал за да го заврши циклусот, евентуално да излезе и донесе девизи и тн., треба пронтно ние да реагираме во текот на годината, до тогаш додека постои оваа мерка, Владата да има право да оцени дали има потреба, дали ќе го активира контингентот или воопшто нема потреба и нема да го активира.

Мислам дека основната суштина и концепт на контингентот на овој начин се руши и затоа ние не го прифаќаме овој предлог.

Благодарам.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

Има збор господин Андов.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Мислам дека предлогот што го даде и го бранеше господинот Каров треба да го усвоиме.

Видете, царинските контингенти во нашиот систем, сега во Царинскиот закон се редовен инструмент. Не се тоа интервентни инструменти на Владата во текот на годината. Тоа не е нивна логика. Всушност, нивната логика е во следното, до сега ГАТ, од сега Светската трговска организација имаат членки од различно ниво на развиеност. Во рамките на општите критериуми за зачленување се водат тие преговори со нив и земјите, заради обезбедување поголема заштита на домашното производство, овие кои се недоволно развиени, преговараат, утврдуваат во својата платформа и добиваат согласност да имаат повисока општа заштитна стапка, царинска.

Бидејќи развојот во тие земји, индустријата, стопанството во тие земји е многу неуедначен и понекогаш од година во година потребите се различни, тие се должни со развојната политика да декларираат политика на царински контингенти. Тоа не е само за нашите фирми. Таа треба да биде еднаш годишно позната, туку и за партнерите од светот.

Царинските контингенти кај оние што имаат повисока стап- ка, општа заштитна стапка се право на тие земји, но обврска еднаш годишно да ги објавуваат. Владата да ги утврдува и да бидат достапни на сите, а не Владата со дискреционо право да одбира фирми на кого и кога ќе му текне да може да добива царински контингенти. Тоа, кога ќе бидеме членови на Светската трговска организација нема да биде допуштено. Обратно стојат работите отколку што овде објаснуваат.

При тоа, општо земено, царински контингенти постојат во светот. Не само кај земјите во развој и кои посебно испреговарале вакви услови, туку царински контингенти, како што знаете, има и применува и Европската Унија. Па, во преговорите што ги имаме и ние сега има различни контингенти. Имаме стоковни контингенти, а имаме и царински контингенти.

**СТОЈАН АНДОВ**:(продолжение)

Па, кај тутунот кој го спомнувате е токму царински контингент. На 3000 Прилеп сорта царински контингент се дава, намалување на царината. Ништо друго. Ако сте го презеле договорот од 1980 година, јас го испреговарав тоа и го знам убаво. Така што ако е од тогаш преземено правото со СФРЈ што беше, тие 3000 тони, тие се сорта Прилеп. Тие беа и инаку наши досега и царински е контингентот не е друг контингент. Според тоа, воопшто да не се убедуваме Европската Унија применува царински контингенти, и еднаш годишно до крајот на февруари ги објавува и ги дели. Според тоа, овој предлог внесува стабилност во стопанисувањето, го елиминира евентуалниот волонтаризам во дискреционото користење на овој инструмент од страна на Владата, да не биде, да кажеме, користен во политички цели, или н езнам какви други цели. Однапред ќе се објави, условите под кои се добива, се стартуваат луѓето, и на светот а и на светот му кажуваме каде ги даваме ние царинските монети и кое ни е оправдувањето за тоа.

Според тоа, друго се фискалните причини. Фискални причини можат да не се полни буџетот, па нема да дадеме царински контингент. Меѓутоа, да се разбереме, тогаш може да го убиеме и пилето што носи јајца. Може би ќе заоставиме можност да функционира некој, а некои од капацитетите па воопшто нема да можат да обезбедуваат други фискални приходи. Така што таа работа е за размислување. Н епостои принципиелна причина и причина која е, да кажам, реално заснована да не се прифати оваа дополна на законот.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара з бор го заклучувам претресот и на Собранието го предлагам да го усвои следниот заклучок.

II/2.-

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнуваше на Законот за царините.

Кој е за, молам да крене рака?

26 пратеници гласаа за.

Констатирам дека заклучокот не е усвоен.

Минуваме на **<u>точката 4</u>** - <u>Предлог за донесување на закон за дополнување на Законот за царинската управа, со Предлог на закон.</u>

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот, мислењето на Владата и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон. Комисијата за економска политика и развој му предлага на Собранието да не го усвои предлогот за донесување на овој закон од причините наведени во извештајот.

Молам, кој бара збор?

Господинот Каров.

**ЗВОНКО КАРОВ:**

Потпретседателот заборави да го потсетам дека Комисијата за финансирање и буџет го прифати предлогот.

**БЛАГОЈА ФИЛИПОВСКИ:**

Јас имам заклучок од Комисијата кој го прочитав и е во сценариото содржан.

**ЗВОНКО КАРОВ:**

Тој кажа кој не прифатил, а не кажа кој прифатил.

Тоа ми беше интервенцијата. Но, ќе го кажеме овде.

Дами и господа пратеници царинската управа непосредно ги извршува законите и другите прописи од обласа на царините.

Во организација и работа на царинската управа, покрај правата, должностите и одговорностите на работниците во царинските

органи, а во насока на подобрување и поуспешно работење на царинската управа и воопшто на работниците на царинската управа, сметам дека покрај примената на одредбите на законот за органите на управата треба поблиску да се определи и утврди обврската од донесување на посебен кодекс за однесување на работните во царинската управа.

Морам да ви кажам дека некои од колегите во Собраниските комисии го поставија прашањето, па добро сега зошто кодекс за однесување на овие работници. Зошто не кодекс за однесување на други служби итн. Сакам само да ве потсетам природата на работењето во оваа дејност ја налага таа потреба, го налага и таквиот однос кон извршувањето на задачите. Секако тоа би придонело меѓу другото и за поголема ажурност и деловност во однесувањето на работниците во царинската управа со нивните комитенти. Зошто не и кодекс за другите служби. Владата кога правила согледување за природата на оваа дејност установила дека токму во оваа исклучително важна одговорна и служба која пред се е и треба да биде сервис на стопанството и на граѓаните и каде првите впечатоци на гости, бизнисмени и други претставници кои не се од нашата земја ги добиваат со контактот што го остваруваат токму со овие работници за тоа во која земја влегуваат, утврдила дека ваков кодекс треба да се уреди со закон. Што значи неспорно е дали има потреба од посебно вградување на овој кодекс во законот.

Морам да ви кажам дека овој предлог беше прифатен од Комисија-та за финансирање и буџет. Исто така, да кажам дека го почитувам мислењето на Владата по овој предлог дека има потреба од донесување на кодекс и точно дефинирањето тоа значи, но дека треба да се вгради не во законот за царинска управа, туку треба да се вгради во законот за царини, тоа можам да го прифатам од царинскиот закон. Но, за тоа се водат подготвителни работи со експерти од Европската Унија. Тоа значи дека потребата од донесување на овој кодекс е неспорна.

Сепак, би сакал тоа да биде направено побрзо. Сепак, некогаш и помошта на експертите, па дури тоа да се и од Европската унија може да биде забавена, верувам, од објективни причини- Затоа, останувам на тоа Предлогот на закон за дополнување на Законот за царинската управа да го разгледаме на денешната седница, се разбира, за негово усвојување барам ваша поддршка.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Во врска со забелешката само сакам да кажам дека при отворањето на претресот јас реков дека извештаите на работните тела Ви се доставени, односно поделени. Еден од тие извештаи е и споменатиот извештај на Комисијата за финансирање и буџет.

Молам, кој бара збор?

Г-динот Мешков.

**ЉУПЧО МЕШКОВ:**

Почитуван претседавач, почитувани колеги мојата интервенција е процедурална, иако беше добро од претседавачот образложено, сакам да потенцирам една работа. Требаше да се прочита и во сценариото да биде напишано, пред се мислењето на матичната комисија. А матична комисија за овој материјал е комисијата за финансирање и буџет. Вака излегува дека е напишано мислењето на она како одговара или не одговара, а по правило мислам дека би требало да биде мислењето на матичната комисија. Матична комисија за ова е Комисијата за финансирање и буџет, која има членови и претставници од СДС.

**ТАКИ ФИТИ:**

Сакам само да кажам дека навистина нема никаков спор во ова што го кажуваше г-динот Каров и евидентна е потребат од донесување на таков кодекс. Тоа е мислам надвор од секое сомнение и на осетливост на службата и на значењето на царинската служба, меѓутоа, и самиот пратеник тоа го кажа, јас само да ве информирам, а Собранието нека одлучи како ќе одлучи. Ние сме во постапка на изработка на новиот

царински закон, а тоа го правиме со експерти од Европската унија, особено со француска,техничка помош и други, интензивно работиме на новиот фактички царински закон. Укажувањата на тие експерти се дека се ова, вклучувајќи го и кодексот треба да го најде своето место во новиот царински закон. Меѓутоа, морам да ви кажам дека не знам дали ние ќе успееме првата фаза да ја поминеме овде на Собрание пред одморите. Можеби тоа ќе се случи дури во септември. И така по нашата програма и динамика најверојатно таму во октомври може би ќе дојде до усвојување на новиот царински закон, па еве Собранието нека одлучи. Значи, укажувањето на експертите од Европската банка е дека и кодексот, ова за што г-динот Каров со право зборуваше треба да биде составен дел на новиот царински закон, а не во Законот за царинска управа. Меѓутоа, евидентно дека постои таква потреба тоа е факт.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

Г-динот Каров бара збор.

**ЗВОНКО КАРОВ:**

Ако царинскиот закон експертите го донесат до октомври, се согласувам овој кодекс, без кодекс да поработиме уште три четири месеци.

**МАРЈАН НАЧЕВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници, Комисијата за економска политика и развој се водеше од сознанието дека предлогот е вметнат во новиот царински тарифник, а директорот за царинска управа има подготвено упатство кое е слично на Предлогот на Каровски. Директорот за царинска управа има упатство дадено и работи по тоа упатство.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

II/6.-

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за дополнување на Законот за царинска управа.

Кој е за, молам да крене рака?

Вие не го повлековте законот. ч Дали го повлекувате?

Вие само рековте дека се сложувате без кодекс да се работи до октомври. Молам, процедурално да работиме.

**ЗВОНКО КАРОВ:**

Јас кажав и очекував да не дојде до гласање, затоа што кажав доколку се очекува да влезе во царинскиот закон кодексот за однесување до октомври да работиме без кодексот четири месеци. Според тоа, нема потреба да гласаме.

Го повлекувам предлогот.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Предлагачот го повлекува законот.

Минуваме на **точка 5** - Предлог за донесување на закон за приватизација на државниот капитал во претпријатијата.

Молам, предлогот за донесување на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Дали некој бара збор,

За збор се јави г-динот Котевски.

**СЛАВКО КОТЕВСКИ:**

Господин потрпетседателе, г-да пратеници. Секако дека донесување на овој Предлог закон се наметна со потребата од Законот за

Преструктуирање на дел од претпријатијата кои во своетро работење искажаа загуба односно 24 загубари и законот за санација и реконструкција на дел од банките во Република Македонија. Исто така, најверојатно и потребата од процесот на трансформација за приватизација на претпријатијата каде покрај општествениот капитал во претпријатијата е присутен и државниот капитал. Со овој предлог закон, а бидејќи посебно за делот на стопанството и на земјоделството преостанаа за приватизација уште така да кажам оние побогатите претпријатија порано се приватизираа, останат е делот од стопанството и од земјоделствово кад е што приватизацијата тешко 'оди.

Јас сметам дека со овој предлог на закон се овозможува во вкупниот пакет на акции каде што со општествениот капитал било трансформацијата да се врши на работнички начин или на менаџерски начин, се овозможува да е стигне до 51% како би можела трансформацијата што побргу да се изврши. Меѓутоа, присутно е исто така да се каже дека овој државен капитал, кој што во стопанствата или во земјоделството, било да се работи добиен по кредити или од парискиот клуб, или други кредити од страна на државата дека најбитно е која вредност при проценката ќе се земе, бидејќи претежно овој капитал во организациите е амортизиран. Меѓутоа, многу битно е вредноста која што ќе се земе.

Исто така, имам забелешка по однос на членовите, член 15, каде што вика "за прометно плаќање со денати во готово до 50% попуст, кој што ќе го откупи овој државен капитал". Меѓутоа, повторно правиме неправда спрема депонираните девизни влогови, каде што викаме 10%. Всушност, не му се дава можност на оној кој што има заробени средства лично да може тој да учествува. А, всушност, се тие девизи кои, на пример, ако се 10 0 илјади марки, тие се 10 0, ако ги продава на некој друг кој што е заинтересиран да купи ваков капитал тие не се за него 100, туку се 50 илјади. Бидејќи во пракса мислам како сега при продажбата на

дуќаните или друг деловен простор, таа е праксата. Мислам дека и овде треба попустот да биде како за прометното плаќање од 50%. Бидејќи го користи некој, но не го користи самиот девизен штедач. Уште една забелешка на член 19. Добро е, тука вели, претпријатијата што ја извршиле постапката на трансформација на општествениот капитал се должни во рок од 60 дена од денот на влегување на сила на овој закон да издадат на Република Македонија акции, односно потврда за удел на вредноста на државниот капитал. Или пак оние кои што се во постапка за трансформација во рок од 30 дена.

Трето, воопшто не е почната ниту е извршена трансформација, дали ќе важи овој вториот дел или тие се должни.

III/1.-JJ/OM

**БЛАГОЈА ФИЛИПОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

Има збор г-динот Слободан Најдовски.

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, дами и господа,

сосема накратко би сакал да се осврнам на предложениот закон за приватизација на државниот капитал. Имено, иако се работи за еден закон од 20-тина членови , закон привлечно мал, треба да се има предвид дека со овој закон се регулира една област за една позамашна сума , позамашна вредност во нашата држава. Затоа сметам дека треба да се пријде доста сериозно на овој закон.

Неколку прашања се битни кога расправаме како прва фаза на овој закон.

Првото прашање на кое што треба да се одговори е прашањето - секој добар домаќин треба да знае со колкав капитал и средства да располага. Затоа сметам дека во образложението на овој закон, во овој случај Владата како домаќин ан државниот капитал, треба да ни даде барем, приближна вредност на државниот капитал кој што треба да се приватизира.

Можеби тие групи што работат во Владата, а можеби и Владата знае за колкав капитал се работи, но сметам дека и на нас пратениците ни е потребно, барем^во^тората фаза од донесувањето на законот, а дали ќе оди во две или три фази, треба точно да ни се достави вредноста на државниот капитал. И точно да знаеме што ќе биде предмет на приватизација.

III/2.-

Второто прашање на кое треба да се даде одговор и да се разработи е прашањето за користењето на средствата прибрани од приватизација на државниот капитал. Имено во член 18 од Предлогот за донесување на законот за приватизација на државниот капитал е речено дека средствата собрани од приватизација на државниот капитал ќе бидат составен дел на Буџетот на Република Македонија. Јас сметам дека на овој план би требало да се постапи слично како се приватизацијата на општествениот капитал и дека за овие средства треба да се донесе посебна програма за нивното користење и таа програма да ја предложи Владата на Собранието на РМ за усвојување. Имено, таа програма би требало да ги содржи целите за што ќе се користат тие средства Дали тоа ќе бидат за нови кредити во стопанството, за нови вработувања или за социјални цели или било што, но сметам дека тоа треба законски да се одреди и законски да се дефинира. Вака како што е предложено остава простор за чисто фискален карактер односно финансирање на државните органи.

Трето прашање или трета работа која што со овој закон се предлага како и многу досегашни на кои во сегашно време сме сведоци, јас овде еднаш реков еден збор дека со одредени закони вршиме голема централизација во државата. Многумина тоа го забележа. Сметам дека и овој закон оди на таа линија каде што се предлага дека Владата со други подзаконски акти ќе ги утврди посебно начинот и постапката за продажба и плаќање на државниот капитал.

Јас сметам дека и ова прашање не треба да се задржи само во рамките на Владата, во надлежностите на Владата, туку треба точно да се дефинира во законот за приватизација на државниот капитал и со тоа да не остава никаква можност за некои сомневања во понатамошанта постапка.

И последно прашање кое што во законот воопшто не е застапено, ниту е дадено во образложението, е прашањето кој управува, кој ќе управува и кој ќе раководи, со државниот капитал , додека не се продаде или кој ќе управува и раководи со тој државен капитал ако воопшто и не се продаде. Затоа што треба да бидеме спремни на една ситуација дека дел од тој државен капитал заради оваа моментална состојба, заради ефикасност и ред други работи може да остане непродаден, односно да нема заинтересирани субјекти на тој државен капитал. Законот на тоа прашање воопшто не се задржува и сметам дека во наредната фаза мора да даде одговор и на тоа прашање.

**БЛАГОЈА ФИЛИПОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието на Република Македонија го усвојува Предлогот за донесување на закон за приватизација на државниот капитал во претпријатијата.

2. Владата на Република Македонија ќе изготви и на Собранието ќе му достави Предлог на закон при што ќе ги има предвид мислењата и укажувањата содржани во извештаите на работните тела, како и укажувањата од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија.

Овој заклучок заедно со извештаите на работните тела како и укажувањата од расправата на седницата на Собранието да се доста- ви до Владата на РМ и до Министерството аз финансии.

Кој е за предложениот заклучок молам, да крене рака? 62 пратеника гласаа за.

Дали има некој против? .(Нема)

Дали некој се воздржува? (Никој)

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок Давам пауза до 14,00 часот. Седницата прекина во 12,50 часот.

IV/1.- ДВ-ВБ

(По паузата седницата продолжи со работа во 14,20 часот)

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Продолжуваме со работа.

Минуваме на **6-та точка** - Извештај за работа на Македонската радио телевизија во деловната 1995 година.

Извештајот, мислењето на Владата и извештаите на работните тела Ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

**РАМИ ТУДА:**

Читајќи го внимателно извештајот имам неколку мислења и сугестии по однос на поедини прашања.

Во глобала, мислам, многу работи во извештајот треба да наидат на поддршка од овој Парламент затоа што, навистина е потребно МРТ треба да се помага по секоја цена. Меѓутоа, јас имам една забелешка, мислам дека Извештајот требаше да се достави до нас порано затоа што често пати материјалите кои се доставуваат до нас, се доставуваат не благовремено, така да ние пратениците немаме доволно време тие материјали да ги проучиме и да даваме професионални мислења по поедини прашања.

Сакам да истакнам, кога мислам за оваа духовна потреба, за програмите на Македонската телевизија, по мое мислење, кога даваме мислење за економската положба во која се наоѓа оваа куќа, мое мислење е дека три канали на Македонската телевизија ни е преголем луксуз. Исто така и за радио програмите 5-6, колку се, а посебно во денешни услови кога знаеме дека имаме и приватни радио-телевизии кои на некој начин го покриваат просторот во Македонија и премногу ги задоволуваат духовните потреби на граѓанинот во Македонија.

IV/2.-

Што се однесува до прашањата за кои сакам да дадам некои мои сугестии, сакам да потенцирам дека по однос на прашањата што се однесуваат до програмите на националностите во нашата Република, мене ми се чини дека во овој извештај не наоѓаат доволно место програмите односно програмата на јазиците на националностите, а посебно на албански јазик.

Во услови кога знаеме дека Албанците немаат свои културни институции, научни и други, почнувајќи од МАНУ па до 2 5 факултети во двата универзитети во Скопје и Битола, кога знаеме дека во научните и културните институции Албанците и другите националности учествуваа симболично или пак никако, ми се чини дека и во овие случаи и во Македонската телевизија Албанците во својата редакција не се организирани односно немаат доволен простор за развивање и за задоволување на духовните потреби.

Кога зборувам за овој проблем сакам да истакнам, кога се зборува за организацијата и кадрите на МРТ во 1995 година, меѓу другото нагласено е дека организационата поставеност на основните организациони и деловни единици, ги сочинуваат 7 програми, 61 редакција, 18 сектори и 56 одделенија. Наиме во оваа прилика се поставува прашањето какво место зазема редакцијата на албански јазик. По мое мислење не зазема потребно место пред се редакцијата на албански јазик не е комплетирана со соодветни кадри. Објективно не е можно да се реализира програмската шема со 32 новинари и 10 хонорарни работници и неколку дописници.

Сакам да потенцирам дека со овој број на луѓе во редакцијата не може да се оди на целосно реализирање на сегашната шема и програма.

По мое мислење ургнетно се поставува потребата да се прими соодветен кадар за нормална работа. Освен тоа неопходно е да има потреба и од неколку дописници и во странство, како во Женева, во

Берлин, Брисел, Шујорк, Вашингтон и други. Редакцијата на албански јазик во Секторот на реализацијата нема свои сниматели ниту пак асистенти. Редакцијата на албански јазик нема скоро никаква не- зависност во својата работа и за неуспесите вината не треба да се префрлува само на повлекувањето од должноста на досегашниот уредник на Редакцијата и внатрешните проеметувања кои подолго време се при- сутни во оваа редакција.

Сакам да истакнам дека не е доволно да се комплетира само редакцијата. Како што се знае, покрај ТВ студијата, се мисли и на мобилните снимателски екипи, потребниот број на монтажите и реализаторските капацитети и секако дописната мрежа каде треба многу рационално и целосно да се искористат постојните капацитети на екипите на МТВ во сите ТВ центри во внатрешноста на Републиката. Никако не смееме да дозволиме постојните ТВ камери во дописните ТВ центри да се користат само за една програма. Употребата на овие ТВ камери и за програмата на албански јазик треба да биде редовна обврска за лица кои се задолжени со нив.

По мое мислење време е на албански јазик да има еден канал обезбедено од страна на МТВ.

Сегашните духовни потреби на националностите односно во овој случај духовната потребна на Албанците е Албанците да имаат еден канал на својот јазик. Сега имаме плус еден час на албански јазик, меѓутоа и со оваа тричасовна програма не може да се задоволат потребите културни, научни и други потреби за зачувување и развивање на идентитетот на овој народ во Македонија.

Сакам да истакнам дека до пред извесно време во емисијата на албански јазик освен оваа редовната програма на македонски јазик се емитуваше и едночасовна програма, обработена програма на албански јазик. Не знам со каква намера и каква цел беше досега таа програма, кога знаеме дека во таа програма се емитуваше таква материја која

IV/4.-

навистина за гледачите Албанци во некоја мера беше и смешна. Во таа програма ние Албанците имавме прилика да ги гледаме, скоро цело време животните во Африка и мачките во Франција и во некои други земји. Ние Албанците имаме потреба за други програми и немавме толку потреба за тие наметнати програми кои не ги задоволуваат нашите потреби.

По мое мислење, почнувајќи од генералниот директор г-ѓа Корнети па и другите фактори субјекти на МТВ, треба да се има поголемо разбирање во однос на консолидираше на редакцијата на албански јазик односно треба да се има разбирање за еден посебен канал на албански јазик.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Во однос на забелешката на г-динот Туда дека извештајот е даден многу доцна, да ве информирам дека извештајот е доставен на 21 мај, а до вас е доставен на 22 мај. Колку за информирање.

Кој друг бара збор?

**ДИМЧЕ НАСТОСКИ:**

Господине претседателе, господа пратеници, господа гости на седницата.

Во однос на извештајот што е даден од страна на МРТ јас би сакал да кажам неколку мои забелешки што ги искажав и на Комисијата за политички систем и кои забелешки се однесуваат од една страна на она што е запишано во извештајот, а од друга страна на реалната состојба во која се наоѓа најголемата информативна куќа во нашава држава и каде што е сместен најголемиот дел од информативниот кадар во државата.

Јас не би сакал и не би смеел да се мешам во уредувачката политика на МРТ, но би сакал да изнесам некои податоци кои на одреден начин даваат поинаква слика од она што е дадено во извештајот.

IV/5.-

Јас и на Комисијата за политички систем нагласив дека во извештајот на страна 13 е внесен еден податок а тоа е дека поради нерегулирана законска регулатива, наплатата на РТВ претплатата е некаде одвај 50% од предвиденото. До, јас не би рекол дека тоа се должи на неоформената законска регулатива, напротив се должи на лошата организираност во самата куќа, бидејќи тука не можеме да кажеме дека не постои нерегулирана законска регулатива затоа што ние во 1995 година, овој исти состав на парламентот донесе промена во Законот за радиодифузија, исклучиво само на еден член кој се однесуваше на наплатата, со што наплатата ја прогласи за јавна давачка со 4% од просечнито личен доход во РМ. Тогаш, посебно на Комисијата за политички систем, иако имаше други предлози, наплатата да се прибира или преку ПТТ услугите, или преку електричната енергија, имавме ветувања од страна на МТВ дека нивната мрежа од некаде 27 0 луѓе кои работат на собирање на претплатата, ефикасно ќе ја собираат претплатата и дека тоа ќе претставува изворот за поддржување комплетно на релејниот и предавателниот систем на МРТ во целата држава, од една страна, а воедно ќе претставува и извор за финансирање од каде ќе се финансира програмата и работењето на МТВ. Но, од тоа како што гледаме во Извештајот од 19 95 година и покрај уредбата од Владата која само ја дополнуваше промената на Законот, сепак гледаме дека реализацијата на наплатата не е ни 50% реализирана, така да огромен дел од средствата што треба да се наменат за работа на МТВ не се собрани. Јас ова го кажувам од една причина, прво, што со тоа е влошено материјално - финансиското работење на МРТ, а од друга страна и граѓаните се доведуваат во нерамноправна положба. Оние кои чесно и поштено ја плаќаат ТВ претплатата се доведени во нерамноправна положба со оние, тука ги исклучувам социјалните случаи кои и делумно се ослободени до плаќање на РТВ претплатата и од оние кои не сакаат да ја плаќаат РТВ претплатата и покрај тоа што тоа е законска обврска.

IV/6.-

Македонската телевизија нема изнесено податоци во својот извештај на кој начин и како се постапува со нередовните плаќања, дали за тоа има поведено и колку има поведено судски спорови итн. Ова директно придонесува за лошото финансиско работење на МРТ а сигурно влијае и врз дејноста што ја извршува МРТ.

Втор сегмент врз кој сакам да се осврнам во моето излагаше е превработеноста во МРТ. Додека во сите јавни служби во изминатите години и во 1993,1994 и 1995 година се одеше на намалување на бројот на вработените луѓе, не на уште на квалитетот и на креативноста на луѓето,туку во смисла на превработеноста која што се јавува. Овде воопшто во МРТ не е отидено на рационализација на вработените. Наместо тоа во текот на 19 94 и 1995 година, некаде цирка од 120 нови вработувања во МРТ. Ова автоматски придонесува во МРТ да се воведе една урамниловка во наградувањето и со тоа се уништи креативноста на целиот креативен кадар што е во МТВ, бидејќи во 1995 година воопшто не се направени никакви критериуми каде ќе се вреднува квалитетот на направеното во МТВ. Со тоа дебело се запоставени интересите на оној креативен дел од МТВ, новинарите, режисерите и сите оние кои влегуваат како креативен дел во работењето на МРТ.

Доколку ние сакаме независно новинарство, доколку сакаме професионално новинарство мора соодветно тоа да биде наградено, а не тоа постојано да биде оптоварено кога ќе го прими личниот доход дали за она што го сработил ќе биде награден или нема да биде награден. Тоа е и еден дел што исто така во извештајот не е целосно вработен и додека причините се бараат во нерегулираната законска обврска тие треба да се бараат во организационата поставеност на МРТ и раководниот кадар кој не направил обиди да ги искористи максималните законски обврски што ги пружаат позитивните закони во нашата држава за да може да се изврши таа рационализација.

IV/7.-

Исто така би кажал дел и за она што е внесено во извештајот во однос на обемот на програмата, во однос на квалитетот на програмата.

Обемот на програмата во минатата година, ако се гледа споредбено со 1994 и во самата 1995 година, има една нелогичност во извештајот. Во еден дел од извештајот кажува дека обемот на програмата на МРТ е зголемен некаде за 30%, а додека, ако се внесе внатре во извештајот, ќе видиме дека има податок дека обемот на радио-програмата е зголемен за 2,7%, а обемот на ТВ програмата на новото производство е зголемен на 0,2 што изнесува само 2,9% од целокупниот обем на програмата. Кон ова ако го додадеме и тоа дека во однос на 1994 година, репризната програма во 1994 година била 27,4%, а додека во 1995 обемот со кој учествува репризната програма во обемот на програмата на МРТ е зголемен на 34,7%.

Исто така може да се каже дека сопствената програма која во 1994 година, програмата од сопствено производство ако била некаде на рамниште од 50% што учествувала во целокупната програмска шема на МРТ, во 1995 година тоа е паднато некаде на 40%, што кажува дека МРТ се наоѓа во една длабока авторска криза, бидејќи не е ништо направено на зголемување на обемот и на квалитетот на сопствената програма.

V/1 РД/ПН

**ДИМЧЕ НАСТОСКИ**: (Продолжение)

Тоа сигурно ќе може да се потврди со фактот дека во последно време речиси ниедна емисија која од сопствено производство на МРТ не е продадена на другите информативни куќи во странство, односно за да може Македонската телевизија врз база на таа комерцијална работа, односно правење програма која ќе може да биде понудена на програмата да се продаде на пазарот, односно и таа да почне да работи по пазарна економија. Исто така тука би спомнал и за обработката на други програми која е во многу понамален обем, ако некаде во 1994 година тоа било некаде околу 19% од целокупната програма, сега тоа е паднато некаде на 15% од целокупната програма на Македонската телевизија. Така да и овде, на одреден начин е доведена во прашање креативноста на кадрите кој што работат во Македонската телевизија. А од друга страна со монополот што го држи Македонската телевизија во однос на авторските права кои се движат некаде од 150 до 200 ДЕМ ги отстранува или ги оддалечува сите оние автори кои што сакаат да понудат сопствени дела, дали тоа е во Драмската програма,дали е тоа во играната, филмската програма за толку мали хонорари да можат да го продадат својот труд, затоа што тие хонорари кореспондираат со вистинските квалитети на оние кои ја нудат својата програма. Затоа ми се чини дека поради овие причини кои што се изнесени во моето излагање, јас реков и на Комисијата дека не можам да бидат со чиста совест за еден ваков извештај да го дадам својот глас, односно да кажам дека сум за усвојување на овој извештај.

Ако кон ова го додадеме и тоа дека оваа година од страна на Македонската Влада се предвидени некаде околу милион и пол наменски средства за вклучување во Сателитската програма, бидејќи Македонија информативно е најмалку во програмата на другите земји, посебно во оние земји каде што сме македонските иселеници и тие милион и пол долари воопшто не се искористени и стојат сеуште на буџетот на РМ, тогаш може да се каже дека креативното раководење на Македонската телевизија се наоѓа во една длабока криза и ми се чини дека во понатамошниот тек треба да се предвидат нови решенија кои што ќе понудат нови покомплетни творечки активности на МРТ.

**ПАНЧЕ НАСЕВ:**

Почитуван претседателе, драги колеги, јас само кратко саскам да изнесам некои работи кои тука и колегата ги потенцираше, во врска со работата на нашата телевизија.

Прво, да тргнам од наплатата на телевизијата. Мислам дека неоправдано ја окривување и директорката на телевизија во врска со наплатата, бидејќи едноставно таа и во иднина и понатаму ќе опаѓа, затоа што се повеќе луѓе имаме во Републиката кои се под стечај, се повеќе имаме луѓе во Републиката кои не земаат редовно плата, или мала плата, а износот на давачката кај некои работници е 10% од платата. Кај мене доаѓаат граѓани, а ист случај имаме и со моите работници во "Астибо" бараат да се намали износот на давачката да биде помал, да биде до 100,00 денари, бидејќи едноставно им е срам кога ќе дојде инкасатор да наплаќа да кажат дека не сакаат да платат или не сакаат да платат. Можеби нема да добиеме поголеми средства во маса, меѓутоа, ќе добиеме еден ефект со тоа што луѓето ќе плаќаат и

нема д се чувствуваат како да не сакаат да го почитуваат законот. Така да јас еднаш и предложив и на самата директорца износот да се намали и на улица ме среќаваат чесни граѓани кои сакаат да плаќаат, и велат ако е претплатата до 10 0,00 денари ќе ја плаќаат.

Второ, мислам аз креативниот дел беше тука збор, колегата кажа, не сум сигурен дека нема креативни луѓе во теле- визијата. Не можат да се прават добри емисии креативни емисии, ако нема пари. Телевизијата е скапа работа, нова продукција да се направи треба и декор, треба и знаење, треба и амбиент, треба и се да се направи и евентуално да биде толку добро за да може да се продаде. Ако телевизијата не може да си ги собере парите кои и следуваат по основ на гледањето, ако нема доволно средства, не може да прави добри емисии, не може да се репродуцира да се прават нови емисии, не може да се обновува техниката и така натаму и таа ќе доаѓа во се потешка ситуација. Мислам не сакам да ја бранам телевизијата и персоната која е на чело на телевизијата, меѓутоа тоа е една објективна состојба која се случува во Телевизијата.

Друго, кога доаѓаат наплаќачите да собираат пари, граѓаните велат вака: "Ние не гледаме македонска телевизија, не сакаме да плаќаме, гледаме приватни телевизии, а тие не ни бараат пари". Према тоа, и по тој основ неможеш да ги исклучиш, да го запечатиш телевизорот. И се доведува во незгодна ситуација самата телевизија.

**БЛАГОЈА СТОЈКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, јас исто така по се изгледа ќе се надоврзам на дискусијата на последните дискутанти

пред се на дискусијата на дискутантот пред мене и мора да кажам дека читајќи го извештајот на Македонската телевизија низ целиот извештај преовладува една работа по која не можеме никој да избегаме, а тоа е дека не постои пред се законска регулатива, не е донесен законот за радидифузија и преовладува една работа за која претходниот дискутант дискутираше недостиг на финансиски средства во работата на македонската телевизија. Овие две прашања, морам да кажам дека од почетокот до крај, било да се работи за развојната програма, било да се работи за модернизација, било да се работи за наградување, преовладуваат низ целиот извештај. Јас мора да кажам дека не си земам за право да се мешам во тоа што гледаме преку македонската телевизија, но мора да кажам дека на македонската телевизија нема да и е се едно каква е нејзината гледаност, бидејќи засега на ова поле не постои град во кои немаме уште по 5-6 таканаречени независни или приватни телевизии, кои нудат свои програми какви такви и сигурно дека ние мора да водиме, а пред се македонската телевизија сметка, каква е нејзината гледаност. Према мене, за да гледаноста биде на едно високо ниво, пред се зависи од креативниот кадар со кои располага една телевизија, а овде станува збор за македонската телевизија. Јас тврдам дека во македонската телевизија имаме многу силен креативен кадар. Не постои друга телевизија која може да се споредува да не кажам да се споредува ни со каков процент. Меѓутоа, мора да прашам, никаде низ извештајот не видов како е стимулиран овој креативен кадар. Дали е исто и за Благоја и за Станко, кој направил 20 емисии и оној кој направил една емисија. Неговата емисија се гледала, се повторувала, а оваа отишла во некои касети во архива аз телевизија. Затоа, веднаш кога го

поставувам ова прашање ќе се наметне прашање за да некого стимулираме, за да го стимулираме тој креативен кадар се испречува пред нас една голема пречка, пречка наречена финансии. Или завршувам, немаме финансиски средства за да можеме да го следиме времето што го бара пазарно работеше и пазарно наградување. Према она што стои во извештајот се согласувам. Гледајќи се она што е предвидено во развојната програма на македонската телевизија мора да кажам дека на неколку поставени пратенички прашања за покривање на поедини предели и делови од нашава држава, одговорот е ваков. Поради недостиг на финансиски средства, не сме во можност во извршиме покривање на предел, еве да кажам Козјак кој покрива 30-тина села, се наоѓа на граница со СР Југославија и да си знаеме овде дека тоа население гледа исклучиво РТ Белград. Меѓутоа, н еможеме ништо тука да направиме, бидејќи навистина тука пак се појавува она што е главно, недостиг на финансиски средства. Искажувајќи ги овие работи, проучувајќи го извештајот спрема моите скромни можности колку можев да уочам во него што и како, мора нешто да кажам .Буџетот воглавно од 19 94 и 1995 година некаде со 83% е од наплата на претплатата за РТВ. Или другите средства што доаѓаат од маркетинг учествуваат некаде со 143 милиони денари, меѓутоа, приходите од претплатата на МРТ за 19 95 година се 1.2 40.913 милиони денари, или во вкупните приходи покрај маркетинг, дотации, продавање на касети, буџетски средства, овие средства учествуваат со 83% и мора да би кажам да направиме една паралела со процентот и со средствата кој се прибрани во 1994 год. кои изнесуваат некаде околу 1.198 милиони денари или во 1995 год. 83, нешто, во 1994 82%. Мора да кажам без да имам нешто дека не можам јас лично да се согласам дека е иста наплатата во 199 4 година при непостоење на закон за наплата на придонес за РТВ и иста наплата при

постоење на закон, бидејќи тој закон ние го донесовме овде. Мора да кажам и покрај преземените мерки 'За подобрување на наплатата овде немаме никакво подобрување на наплатата, а имаме во раце законска обврска. Наплатата и во 19 94 година, наплатата и во 1995 год. била скоро иста - 50%. Морам да кажам дека од мене не може да добие секторот за наплата позитивна оценка бидејќи во 1995 година направил многу работи како што ги навел во извештајот ги имате наведено, се е напишано, напишано, а на крај резултантата е иста. Нема никакво подобрување. Значи, не можам лично да бидам задоволен со оваа работа од проста причина. Погледнете само една работа да кажам. Ако процентот на наплатата на МРТ беше подобар само за 10% само за 10% да го зголемевме процентот во 1995 година ќе оствaревме нови 142 милиони денари, или ќе оствaревме повеќе средства отколку што ги остварува МРТ од целокупниот маркетинг што го имала во 1995 година. Само 10% да го зголемиле процентот. 140 милиони денари средства кој мора да кажам за мене се огромни пари од кои може да се издвои голем процент за да тој стручен креативен кадар го стимулираме за да направи програми кои ќе можеме не само ние да ги гледаме, туку и да можеме да ги продадеме надвор, па процентот на продадените касети порасне, а со тоа порасне и приходот во МРТ. Јас мора да кажам дека не видов дека во извештајот, покрај тоа што јас кога зборувам за стимулативни мерки зборувам и за оние негативните. Мора да кажам таму кај работам јас ако направиш наплата 80%, 10% 30 души помала плата. Не прочитав, не знам како е во телевизија направено, меѓутоа тоа е занемарливо да се кажува и битно е дека имавме можност имавме законска регулатива процентот на нафтата да го зголемиме, а тоа зголемување возможуваше

сепак зголемување на личните доходи обезбедување стимулативен дел и морам да кажам уште нешто од тие пари ќе остане средства за обезбедување воглавном на репетитори за I и II програма. Нема да правиме илузии дека ние од внатрешноста брзо брзо ќе добиеме III програма, иако надоместокот и тие што гледаат и I и II или само I и II е ист. Значи морам да кажам дека тука останаа голем дел на средства несобрани, средства од една друга страна пак мене како граѓанин на оваа Македонија ме доведува во една недоумица. Кој плаќа надоместок. Паметниот или? Ако вака останува ние сме граѓани на Македонија и мораме сите да плаќаме средства. Од оваа работа водејќи сметка од она што кажа еден претходен дискутант дека имаме и социјални случаи, имаме и стечајни работници, со одлуката не знам дали е овластена или може, ќе направиме тие да плаќаат или да плаќаат помалку. Меѓутоа, сега кога законските регулативи се еднакви за сите, мора пред оваа држава пред македонската телевизија и пред секој да бидеме еднакви. Не можам да сфатам јас да плаќам, а колегата до мене да не плаќа телевизија. Мора да се преземата мерки наплатата да се подобри. Мерките се и во тоа, ако тој процент е голем дајте другар предлог кој го донел тој процент може да го измени. Ништо не е неменливо. Но ако го намалиме процентот а ја зголемиме масата на средства сме постигнале огромен успех. Мора само на таков начин да работиме, да создадеме средства за да можеме оваа држава Македонија да и обезбедиме добра програма, бидејќи оваа е наша државна телевизија и на сите граѓани да им овозможиме на сите подрачја да можат да не гледаат. На ваков начин како е работено во 1995 година доколку се продолжи и во1996 година

кога ќе дискутираме по извештајот за 1996 година потполно истите работи, повторно ќе бидеме принудени да ги искажеме. Мислам дека тој сектор,~таму што го спомнав мора да има, да претрпи промени, дали кадровски или други, меѓутоа мора да претрпи промени во изнаоѓање на решенија за подобрување на наплатата. Не треба други работи реков, само 10% зголемете ја наплатата.

**ЛАЗО ДИМОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, извештајот на РТВ и мислењето на Владата по тој извештај вака ми создадоа добар простор д се потсетиме на некои работи кој што во многу наврати овде се повторува. Имено, ние овде зборуваме за извештајот на РТВ на РМ а при тоа зборуваме за нејзината организираност, зборуваме за квалитетот на програмата и Сите атрибути што треба да стојат за една таква куќа.

**ЛАЗАР ДИМОВ:** продолжение

Мислам дека она што го бараме од телевизијата мораме првин да го ставиме во рамките на она што, таа телевизија претставува за нашата држава. Ако оваа телевизиска куќа или државната телевизија и радиото претставуваат да кажеме едукативна, информативна и манипулативна на крајот куќа, а фала богу секое информативно средство е тоа, ако таа функција ја даваме на начин што нејзиното финансирање е одредено со јавна давачка тогаш мораме да се осврнеме на фактот зошто таа јавна давачка не можеме да ја реализираме. Ако е јавна давачка, ние во мислењето на Владата констатираме дека само 50% се остварија. Дали јавните давачки се работа која што граѓаните можат и не можат да ја платат или дали во собирањето на јавната давач- ка можеме да задолжуваме други лица освен државните органи. И на крајот во мислењето на Владата констатираме дека состојбата е поправена што наплатата е зголемена за 50%.

Дали ние овде како пратеници се прашуваме што правиме и со констатациите и со начинот на плаќањето. Ако е тоа јавна давачка дали е тоа во ред или не тоа е дискутабилно, но ако е јавна давачка и ако ние констатираме овде дека сме задоволни што таа јавна давачка сме ја наплатиле кај 50% од граѓаните, дали имаме право така да зборуваме во овој Парламент бидејќи јавните давачки се обврзни за сите граѓани. Според тоа, за таа работа треба подобро да размислиме и да не зборуваме дека прашањето на финансирањето на телевизијата сме го решиле со тоа што сме донесле таму закон со кој сме создале јавна давачка а да не зборувам за големината , а на крајот на краиштата таа јавна давачка не сме во состојба да ја реализираме. Мислам дека на ова прашање прво треба да одговори овој Парламент.

Јас во дискусиите кога таа јавна давачка се утврдуваше зборував дека ако телевизијата е државна институција кои се причините јас имам

поинакво мислење, ако е веќе државна телевизија кои се причините да телевизијата на РМ не се финансира од буџетот како и другите потреби и да при донесувањето на буџетот и Владата и ова Собрание покрај другите така да кажам потреби утврдува однос колку ни треба за таа телевизија. Оти неспорен е фактот, викаме 2 илјади луѓе има таа телевизија, неспорен е фактот дека тоа е скапа работа која што и покрај ваквите јавни давачки не успеавме да ја алиментираме, тогаш мора да се вратиме на следното:

Ако на државата и треба и колкава и треба институција како што телевизијата и радиото,' јас реков уште еднаш функција на културна едукација, информирање и манипулирање на народот, ние мораме како обврска да ја предвидиме во буџетот и при распределбата на буџетот да утврдиме дали за таа дејност кога ќе ги погледнеме и другите односи здравство, школство, култура и тн. дали треба толку или оволку.

Исто така јас овде би се осврнал на самиот вид на јавната давачка. Оваа јавна давачка не е врзана со некоја пропорција туку едноставно по глава или по домаќинство. Дали смееме во една таква јавна давачка потребите на граѓаните од едуцирање, информирање и манипулирање да им го наметнеме пропорционално по глава или по некој други односи како и сите порези. Значи, да влези некаде во даноците кои што сите граѓани ги плаќаат и да не се чудиме 4% од просечниот личен доход што е утврдено, да се разбереме е скапа работа, за оваа работа која што државата сака да ја наметне на граѓаните. Ако во информирање манипулираат граѓаните барем нека таа работа ја плати државата, а не манипулираниот да ја плати.

Мислам дека во ново време при појава на телевизии не само државни видовме дека за оваа работа граѓаните не треба да плаќаат, напротив програмата се трудат оние што ја еминитираат да ја донесат до граѓаните, а според тоа оваа конфузија во толку поголема е.

Ова што ние го зборуваме телевизијата е добра, лоша, подобра и полоша, оваа тема е елаборирана во сите разгледувања на извештаите на МРТВ. Оваа МРТВ ниту е подобра ни полоша последниве пет-шест годи- ни, но оценката наша или на Владата за нејзината работа во основа се определува дали е добра или не во зависност од политичките движења во општеството и сметам дека на тој начин ние немаме да ја поправиме Македонската телевизија туку се слуша дека не се наплатува креативно дека нема развој нашата телевизија, не продава програми и тн. и тн. Сигурно дека вака како што е поставена МРТВ никогаш нема да стане подобра, значи мораме да утврдиме ако веќе е државна телевизија мора- државата да ја алиментира преку буџетот а нема начин како што е пропишано. Мора да утврдиме обем на таа државна телевизија тоа што во никој случај не може да бидат 2 илјади луѓе и со таква и ваква опрема. Тоа што е реално да го алиментираме.

И, во таа смисла сметам дека побрзо треба ние како парламент по ова прашање навистина да се изјасниме бидејќи проблемот само се одолговлекува, ќе бидеме задоволни ако 50% се наплаќа, ако се наплаќа 30% нема да биде 4% ќе биде 8% и тн. и тн. што е прилично лоша работа за нас овде во Парламентот да зборуваме.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господин Руфи Османи има збор.

**РУФИ ОСМАНИ:**

Почитувани колеги, еве јас во моето излагање ќе бидам малку подолг во однос на другите, ќе ги изнесам моите размислувања по однос на оваа јавна куќа чиј производ сакале или не го консумираат сите граѓани на РМ , а што е најбитно и таксата на тој производ од- носно цената на чинење исто така независно од волјата ја плаќаат сите граѓани на РМ.

VI/4

Пред да ја почнам мојата дискусија имав прилика да го прочитам мислењето на Владата на РМ и навистина ме зачудува нешто досега оваа Влада воопшто го нема сторено во однос на ниеден извештај било да е поднесен од страна на државна институција, било да се работело за некој предлог од страна на пратеници и тн. На крајот на извештајот воопшто не предлага заклучок дали да се прифати извештајот или да се отфрли, а во суштината на извештајот дефакто се негира она што е кажано она што е кажано како извештај на МРТВ што јас лично за голем дел од тие забелешки давам на полна согласност, но зачудувачки за мене е што нема воопшто заклучок што да се прави со тој извештај. Претставникот на Владата сигурно ќе мора ако не писмено барем усмено да се доизјасни зашто е тоа така.

Кога ќе се анализира извештајот на МРТВ ќе се констатира дека во начело во овој извештај се спомнуваат поимите рационализација и на други работи спомнуваат поимите рационализација на трошоци и на други работи без при тоа да се покаже таа рационализација со квантифицирани податоци од аспект на ефекти, од аспект на намалување на превработеноста која е очигледна особено во секторот за економско-правни и општи работи, само во тој сектор оваа куќа вработува над 52 7 лица и при непостоење на ваква квантификација апсолутно за мене како економист поимот рационализација губи во суштина и во смисла.

Понатаму, во овој извештај нема податоци за соодносот на вработените во овој сектор и со вработените кој дефакто го произведуваат производот на МРТВ. Понатаму, нема податоци со кои би можела да се направи една компаративна анализа помеѓу трошоците, бројот на вработените, цената на производот на оваа куќа со сродни куќи особено на запад, па може и со земји кои се во нашето блиско соседство за да имаме една реална слика дали навистина МРТВ го оправдува своето постоење со сите тие трошоци кои никако не може да ги покрие со своите извори за финансирање.

Понатаму, од страна на маркетингот се остваруваат некаде над 16% од изворите за финансирање кои средства, лично, според мое размислување не треба да и припаѓаат на оваа куќа бидејќи тие средства треба да припаднат на другите приватни РТВ куќи со кои средства дефакто и дејуре и овој дом прави тешка економска дискриминација на куќите кои го дополнуваат и му го земаат просторот на оваа куќа. Значи, со овој извор тие РТВ приватни куќи се оставаат и без единствениот извор на финансирање на ниво на државата, а од друга страна декларативно се залагаме за плурален етер. Што значи тоа? Тоа значи една голема анахроност на времето. Декларацијата и она што дефакто го имаме како закон воопшто не кореспондира едно со друго.

Во извештајот секој пат се плаче за недостиг на средства и се бара средства, од каде? Од буџетот на Македонија, а тој буџет едвај успева да се покрие за тие потреби за кои е нормиран. Значи, адресата за барање на тие дополнителни финансиски средства лично според мене е погрешна.

Понатаму, јазикот на кој е напишан овој извештај воопшто не води грижа за економскиот колапс на граѓаните, на стопанството и воопшто на државата. Проектираме некоја си визија за куќа што можеби е пример за Америка, Швајцарија, а при тоа заборавамe дека имаме стандард можеби на една Тунгузија. Не се поставува прашањето дали на Македонија воопшто и треба една ваква предимензионирана, нефлексибилна и многу скапа куќа и не предлагате алтернатива која во суштина ќе биде многу порационална и во согласност со можностите и потребите на пазарот.

И сега ќе одам на она што јас лично како конкретна забелешка го имам во однос на овој извештај бидејќи имав можност и имав интерес лично да го анализирам и во продолжение ќе ви читам нешто од моето размислување, вие сигурно ќе покажете разбирање да го ислушате.

Јавна институција од информативна сфера, да , но сигурно не ваква како што е постојната МРТВ. Радикалното внатрешно престројување и рационализација е прв чекор кон нова информативна куќа од овој вид во земјата. При анализа на овој извештај за 1995 година кој е во континуитет со оној од 1994 година се носев со дилемата која се состои во следното: дали МРТВ успеа да се конституира во независна и објективна информативна куќа по мерка на своите финансиери односно по мерка на граѓаните и националните колективитети кои се и во нај-голема мерка со 73% финансиери на оваа куќа односно дали од оваа куќа е отстранета злогласната болест од информирањето популарно на-речена цензура. За жал треба да се констатира дека тоталната монополизација на продукцијата на оваа куќа од страна на актуелната власт во ситуација кога не постојат алтернативи, РТВ куќи на државно ниво создаваат информативен амбиент кој може да се опишува само како партиски информативен амбиент каде се сервира единствено вистината на актуелната власт. До крај афирмативното презентирање на политиката и носителите на актуелната власт без исклучок во сите редакции во најгледаните РТВ емисии наспроти реалноста и игнорирањето минорното односно негативното презентирање на алтернативите и носителите на тие алтернативи било да се во прашање опозициони субјекти или групации од разни интересни сфери се главните препознатливи карактеристики на информативниот производ на МРТВ. Особено во оваа прилика сум должен да изнесам дека ова станува карактеристично и може да се забележи и при извештаите од работата на овој дом кој се презентираат во најгледаните информативни емисии на оваа куќа и секој објективен посматрач ќе констатира дека приодот при информирање секој пат е од негативна гледна точка на сите тие кои не се по волја на актуелната власт која во континуитет е иста.

VI/7

Кога сме кај цензурата треба да се истакне дека наспроти фактот што во емисиите на македонски јазик постои едностепена цензура во емисиите на албански јазик во таа смисла во духот на позитивната дискриминација која е системски нормирана кога се во прашање албанците во оваа информативна куќа имаме двостепена цензура. Имено, во оваа редакција цензурата се манифестира на квадрат еднаш преку генералната цензура на ниво на куќата и втор пат на ниво на редакцијата преку албанските партиципиенти во Владата. Навистина за жалење е кога сето ова ќе се анализира од агол на прокламираните стремежи за новинарска самостојност и објективност.

Прилогот на извештајот во вид на информација за текот на активностите во врска со проширувањето на програмите на јазиците на националностите и изречената констатација "активностите во МРТВ за проширување на програмите за националностите е планирано дефинитивно да се заокружуваат до крајот на годината". На најилустративен начин го отсликуваат ригидниот и докрај неприфатливиот пристап кон решавање на ова прашање. Вашиот проект за наводно дефинитивно заокружување на програмите на националностите, а особено на албанските со минутажа од три сата на албански јазик воопшто не одговара на

1. потребите за информирање на албанците со информации од овој тип,

2. званичниот број на албанците во етничката структура на популацијата на РМ ,

3. финансискиот допринос на албанците во касата на оваа куќа,

4. претензиите на албанците за издигнување на програмата на албански јазик на ниво самостојна програма.

Проблемите во редакцијата на албански јазик се многу големи и истите се само минорно релаксирани со странската помош и со вработувањето на само 10 нови новинари.

**РУФИ ОСМАНИ:** (Продолжение)

Проблемите во оваа редакција се особено од кадровски аспект, од недостаток на профилизирана кадровска структура, како и проблеми од материјален, финансиски, технолошки и друг вид и се главна причина за незадоволството на јавното мнение со квантитетот и квалитетот на програмите на оваа редакција и на другите редакции на националностите.

Од извештајот јасно се гледа дека над 85% радио и над 91% ТВ програма е наменета на македонското јазично подрачје, додека од вкупниот број на вработени од 2013 лица над 95% се од македонската етничка припадност односно само 1,58% или 32 вработени се албанци односно од вкупно 92 часа дневна програма на МРТВ на ден на трите програми на оваа куќа само три часа или 3,3% се на албански јазик.

Кога сум веќе тука морам да направам една дистинкција и да го изнесам расположениета на претплатувачите албанци во однос на овој производ што им се нуди. Луѓето размислуваат вака: Да господа, ние ќе плаќаме РТВ претплата само на ниво на програмата која ни се нуди. Ако е таа програма само 3,3%, немаме ништо против 3,3% од тој надомест да плаќаме на оваа куќа. Во таа смисла мислам дека математиката е сосема јасна, па повелете господа имајте ја во вашите размислувања за идниот развој на оваа куќа и за идната понуда што целите да им ја пружите на албанците и на другите немакедонци.

Продолжувам со мојот извештај. Изнесените бројки многу јасно го аргументираат албанското незадоволство со статусот на редакцијата на албански јазик, статус кој е на најнизок можен сте- пен, значи 1,58% вработени треба да произведуваат 3,3% РТВ програма односно таа програма треба да ги задоволува потребите од информирање од сите сфери на официјално 23% популација на Република Македонија и дали

тие потреби може да се задоволат со ваква понуда, се поставува прашањето. Оставам вашите аргументи да ги соочите со овие бројки, па сами да заклучувате дали оваа понуда е онаа што навистина треба да биде. Лично за мене и за националноста која ја претставувам нема никакви дилеми, барем математиката е јасна и во математиката нема демагогија. ТВ редакцијата на албански јазик вработува само 32 вработени кои од 1 април 1996 година произведуваат двочасовна програма на албански јазик и произведуваат уште еден час програма која единствено е титлувана на албански јазик и која е преземена програма, која нити никому служи, ниту пак никој ја гледа. Мислам дека квалификацијата во однос на овој час програма ја даде господинот Туда, јас нема потреба него да го повторувам.

Треба да се истакне во оваа прилика дека од овие три часа нарочно истите се поделени во два дела и тоа, првиот час од 14,30 до 15,30 часот, додека вториот и третиот час од 17,30 до 19,30 часот. Наместо оваа симболична минутажа да се структурира во една целина, од непознати причини, познати само на оваа куќа се направени два сепаратни дела од една целина. Последиците од една таква сепарација се состојат во фактот што особено првиот дел воопшто не се следи од страна на албанската популација, бидејќи навистина и не вреди да се следи.

Редакцијата на албански јазик мимо фактот што егзистира повеќе децении нема своја ТВ екипа, односно е во многу потешка состојба од технички и друг аспект во однос на било која друга приватна телевизија и во однос на редакциите на македонски јазик поделано, кој условува вкупно од 24 месечни емисии технички успева да обезбедува само 12 емисии. Допуштам корекција во овој дел ако евентуално со новите технолошки промени кои се направени, со инвестициите од надвор и дел

од Владата на РМ за оваа состојба во овој дел можеби е подобрена. Во една редакција на албански јазик се подготвуваат сите жанрови на сите емисии, наспроти фактот што во продукцијата на македонски јазик постојат над 60 редакции за сите жанрови поединечно, барем така пишува во извештајот. Факт кој ја открива вистината за неадекватното ниво на емисиите на албански јазик од при- чини што квалификационата структура на вработените, нивната бројчаност е далеку под потребното ниво за една квалитетна програма.

Од аспект на условите за работа ќе истакнам дека во целата куќа тие се на незадоволително ниво, додека во однос на редакцијата на албански јазик тие услови, особено од аспект на опремување и технички капацитети, со кои располага оваа редакција, се тотално незадоволителни.

Во сферата на наградувањето, односно унапредувањето постојат двојни мерила. На пример за 8 години нема ниеден албански новинар кој е вработен во оваа куќа кој е унапреден, или случајот со надворешните соработници, на редакциите на македонски јазик де- факто сите се вработени во оваа куќа додека ниеден од редакцијата на албански јазик не е во работен однос. Сега замислете какви информации тие соработници можат да ви пружат. Ова се вистините информации.

Во оваа прилика, треба да се спомене фактот дека наспроти тоа што со елаборатот за зголемување на емисиите на албански јазик изготвен од страна на оваа редакција пред три години, за три часов на дневна програма се предвидуваше екипа од 72 вработени. Додека актуелното раководство истата минутажа предвидува да ја реализира само со 32 вработени. Во првиот случај имавме вистинско зголемување на програмата со квалитетни содржини, додека во овој случај ќе имаме

само квантитет без потребниот квалитет или со дискутабилен квалитет, бидејќи во светот не се наоѓаат лица новинари кои имаат двојни капацитети, значи, што работат и произведуваат информации со 200% продуктивност, како што во случајот се наметнува за вработените албанци во оваа редакција. Сега замислете господа и бидете во нивна положба,па тогаш можеме да дискутираме дали сето тоа што дефакто треба да го произведуваат можат да го произведуваат.

Изнесеното јасно говори дека со оваа практика треба да се прекине и во плановите на преструктуирањето и развојот на оваа куќа редакцијата на албански јазик треба да израсне во самостојна програма како неопходност на времето. Новиот информативен амбиент на кој посебен тон му даваат приватните РТВ куќи кои во голема мера го одземаат аудиториумот на Македонската радио телевизија во единство ната сфера од која тие егзистираат и тука оваа куќа има монопол. Значи во маркетингот и крајно е време овој монопол кој реално не и припаѓа на оваа куќа да припадне на овие приватни куќи за да навистина започнеме конституално да имаме еден плурален амбиент како што доликува на една демократска држава, како што имаме впрочем во сите западни држави.

Кога сме кај јавното мнение, како мериторен квалификат на работата на оваа информативна куќа одговорно ќе кажам дека истото е незадоволително и негативно и граѓаните, освен некои емисии од информативен, политички и можеби некои од економски карактер скоро не ја следат оваа програма на МРТВ. Односно сега кога и етерот е плурален, во голема мера своите потреби од информирање ги задоволуваат преку приватните установи, додека од друга страна задолжително финансираат РТВ куќа чии програми скоро и не ги следат односно ги следат само делумно.

Горната констатација не упатува на заклучок дека овој Парламент треба во најкраток рок да го донесе Законот за РТВ дејност и да ја создаде формалната подлога пазарниот механизам да функционира и во РТВ сферата, со што и ќе се наметне, не случајно кажувам наметне трансформацијата и на оваа куќа со сите последици кои се пропратни појави и кои се општо познати и применети во општеството, а особено во стопанството. И тој ризик,општо, оваа куќа не може да го одбегне, независно од статусот што ќе и го даде и самата држава.

Пред да завршам, сакам да искажам свое мислење, особено од аспект на висината на наплатата такса. Гледајќи ја таа висина во корелација со понудата и со платежната моќ на граѓаните во Република Македонија, мислам дека е крајно време висината на оваа такса во никој случај да не биде во корелација со сегашните трошоци и предимензионираните трошоци што ги има оваа куќа, туку таа висина да биде за една друга куќа во која друга куќа сигурно рационализацијата ќе биде меѓу првите елементи што ќе се спроведе, во која сигурно преголемата вработеност особено во администрацијата апсолутно ќе се доведе на она ниво кое е реално потребно и сигурно ќе треба тој надомест да биде израз на реалната понуда и квалитетот на програмите што оваа куќа ќе им го нуди на граѓаните. Во спротивно можеме да имаме 4%, па ако сакате и 40%, но сигурно тешко можете да убедете човек да плаќа еден производ за кој производ реално цената на чинење е многу помала и кој производ реално вреди многу помалку.

На крајот предлагам во заклучните согледување на овој извештај, ако истиот биде прифатен, бидејќи еве господинот министер е тука па ќе ја образложи и мојата теза што на почетокот ја кажав, еве, го прекинувам ова дека во целиот извештај односно мислење на Владата, на крајот

недостасува заклучокот што да се прави со овој извештај, да се прифати или да не се прифати.

Значи, го предлагам следниот заклучок: Редакцијата на албански јази во догледно време да се издигне на ниво на самостојна програма при Македонската радио телевизија како реална и потребна солуција за информации од ваков вид за албанската популација во Македонија.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Јас ве молам господине Османи тоа да се подготви во писмена форма за да може по него да се изјасниме.

Има збор господинот Фаик Абди.

**ФАИК АБДИ:**

Почитуван претседател, дами и господа пратеници, почитувана директорке на Македонската телевизија и радиото, јас би сакал да кажам неколку збора во многу куси црти за овој извештај од нашата телевизија и за преписките помеѓу телевизијата, Македон- ската телевизија и Владата на Република Македонија и што е тоа да речеме што мене ме мачи некоја работа, вака најотворено на народен јазик да кажам онолку и на начин кој што одговара на мојата општествена положба како пратеник, на мојата општествена свест онолку колку што сум изграден, не можам повеќе, зашто вчера некој ми забележа некои зборови, па на крај сигурно ќе земам збор и тоа да го кажам.

Ако Македонската телевизија и радиото ги посматраме само како година за година, 1995 година и од тоа извлекуваме заклучок за вредностите на една таква информативна куќа која растеше исто онака како што растеше оваа држава, да не ја заборавиме 1990 година,

односно од 1990 година наваму што се правеше македонското радио и македонската телевизија со сите свои екипи, со сите добри и лоши особини, влијанија, емисии и тн., колку можеше да помогне во создавањето на ова што го имаме денес, какво е такво, но сигурно е дека читајќи го извештајот и читајќи ги преписките меѓу телевизијата и мислењето на Владата се доаѓа до одредени доста големи противречности, кои на обичниот човек многу тешко ќе му бидат јасни. Можеби еден од тие обични луѓе, како обичен човек и јас сум, а можеби нешто не ми е јасно и во рамките на ова што велам не ми е јасно можеби тоа е под наводници, овде во едно писмо од Македонката телевизија и радиото има една работа која мене лично ме радува многу - радиодифузната такса достигнато е извонредно ниско ниво на инвестиции во 1995 година и тие се остварени со 14,2%.

**ФАИК АБДИ:**

Камо среќа нашето стопанство да оствареше такви инвестиции. Половина од ова, би биле многу радосни, сигурно би имале нови капацитети би достигнале добар развој, со еден збор би живееле многу фино. Но, за несреќа и вчера разговаравме ние немаме нови капацитети, немаме издвојување во фондови, немаме амортизација. Имаме само осиромашуваше. И, сепак, не е лошо што и покрај сета сиромаштија, не е лошо што го прикажува овде. И, јас не ја гледам работата на телевизијата и радиото низ призмата на еден човек, на пример директоркава, г-ѓата Мелпомени Корнети. Ја пратам нејзината работа сигурно, најмалку 15 години и гарнитурите кои што биле директори, почнувајќи од г-динот Матеја Матевски па наваму. Сме добри пријатели, добри соработници за многу работи.

Морам да признам дека не може да има развој, како што еден г-дин овде кажа ако ние немаме средства, немаме пари. Ако нашиот граѓанин е сиромашен. Ако не прима плата. Ако прима социјална помош, минимална социјална заштита и не ја плаќа онаа такса за телевизија, па од каде тогаш пари.

Се разбира, јасно се говори, јас знам дека се таму 2000 и кусур вработени. Не можам да речам, јас имам, јас сум во фабрика која имаше 1300 вработени. И тоа со еден бруто или нето производ, да не речам колкав. Многу голем во соодност на телевизијата што го остварува. Меѓутоа, сигурно тоа е наменето за пазар. Но ова е сосема нешто друго што е одлика на нашето живеење, на нашата култура, на нашата социјала, воопшто нашата политика.

Но, имам одредени забелешки кон Македонската телевизија и радиото да речам. Има доста недоследности околу токму ова што зборуваа г-дата пратеници од ПДП и НДП инт. А, бе луѓе замислете, ромите веќе трет фестивал направија на ромската песна. Вие што сте

овде стопан- ственици, вие дадовте пари, вие не финансиравте. Па, уште нема видео касети. Некни бевме кај г-ѓата Корнети на разговор, а пред тоа

разговарав со некоја жена која е одговорна во Маркетингот и кажува, ако вие порачате 500-тини или 5000-тогаш ќе произведеме. А, мајката, значи,треба реконструкција. Не може еден човек да направи реконструкција таму. Таму треба поголемо ангажирање, поголем тим на луѓе. Таму треба чистење. Иако постојат добри кадри, меѓутоа има толку замешаност внатре, дури и политичка замешаност што ја уназадуваат, дури го уна- задуваат прогресот на таа наша, да речам, сјајна телевизија што ние сите сакаме да биде добра и радиото и телевизијата. Сакаме да ни биде добра. Го уназадуваат процесот.

И, заради тоа мислам дека Република Македонија и ова Собрание имаат голема задача во тоа и таа куќа е од општ интерес. Не ја викам јас јавна куќа, туку е куќа од општ интерес на Република Македонија. Тоа е наш образ, наш лик. Било кој претставник од било која држава да дојде овде тој оди во Македонската телевизија и таму води разговори и таму се интересира за се она како се развиваат односите таму во Македонската телевизија. Еве, да ви кажам една новост, на 19-ти овде ќе гостува г-ѓа или г-гица Џудит Латам од "Војс оф Америка" Ова е нејзино преведено писмо. Се интересира за ромите, сигурно и за другите националности. Има што да и кажеме. КЌе биде и таму на разговор тоа значи светот се интересира за нас. Тоа значи треба и наше ангажирање.

Меѓутоа, да се разбереме, се додека немаме здраво стопанство, се додека овие патишта што се веќе отворени не успееме лека- полека да ги освоиме пазарите, да почне нашето производство, да ги вратиме вработените назад, нема прогрес на општите потреби на државата меѓу кои и оваа потреба радиото и телевизијата.

Според тоа, мораме да ги разбереме таму тие луѓе, а треба и заштита да им се даде и треба да се одбере таков тим што ќе изврши една, не даречам овој збор, друг збор, чистка, туку кој ќе направи еден таков тим таму кој ќе може да се носи со проблематиката.

Јас, на некој начин, не ми е ништо воопшто криво, дури им завидувам, иако не се задоволни, на албанците што толку време на програма имаат. Ние можеби сме малку ромите и два пати неделно по половин час на телевизија и на радио секојдневна програма. Има од сабајле, не знам кога е тоа. Па, не е,лошо, добро е. Меѓутоа, колку-толку што е тоа е. Сигурно, кога ќе имаме подобри можности, материјални можности како ќе расте нашата држава така ќе растат и нашите потреби околу зголемување на програмите. затоа што општествената свест токму телевизијата и радиото ги прави кај човекот, кај гледачот.

Општествената свест ја диктира, да мисли вака или да мисли онака да биде информиран за се што се случува во светот и кај нас, внатре во земјата. Тоа е една општествена свест која не може само со два зборови да се каже. За тоа треба многу повеќе време. И, дури, многу слободно зборувам, ние имаме многу лоша популациона политика. И, среќен сум што има барем две, какви - такви ромски радио-телевизиски куќи . Министерот тоа го знае многу убаво, разговаравме. Да влијаат на таа популациона политика, на тие многу детски фамилии, на таа социјала, на тоа здравство, на школите таму. Не сакам да кажам, мојот колега Амди кажа нешто и сега викаат не Амди туку Фаик кажал. Па и Фаик нека каже. Таква е ситуацијата.

Не сакам повеќе да должам за ова, мислам дека овој парламент ќе најде односно Владата наша ќе најде време начин и простор да ја среди ситуацијата во МТВ и МР. Сигурно со законот за радиодифузијата, пред нас е и веројатно еден ден ќе имаме многу поздрави  основи за разговор

од било кој аспект и, ако успеала Македонската телевизија да издвои 14,2% за инвестиции, а технолошката застареност на опремата е 88-92%, тоа е големо чудо. Тоа е многу лошо. Многу лошо за државата воопшто. Тоа значи немаме средства да набавиме нешто ново. Да се движиме во чекор со останатите земји. Земји кои одат многу напред. Меѓутоа, кај нив нето производот и бруто производот одат многу напред. Тие се профитабилни. Кај нив ефикасноста во работењето е многу голема. А, ние овде, заради таа ефикасност, расправајќи се вчера овде дури тепање на новинари итн., итн. .

Го добивме сите писмото. Срамота. Јас сакам по тој повод, да не ми замерите да кажам два збора, заради тоа што добив веќе јавќи од поединци и од, да речам, организации. Мојата секретарка ми кажа дека некој си од Дебар се откажувал од мене заради тоа што тој не е копук. Јас сега кќе го речам дека е тој ефенди бег. Нека биде бег. Ефенди бег значи г-дин бег.

Кога вчера зборував дека имаме голема сиромаштија, тоа е тоа, копук. Тоа значи сиромаштија. Без навреда. Ние не треба да се навредиме од себе си ако сме во таква бедна ситуација. Во таква ситуација сме. Се друго што ќе рече човек дека не сме во таа сиромаштија затоа што имаме многу невработени, немаме производство, немаме пласман надвор од земјата, немаме тоа, немаме тоа, немаме користење на капа- цитети итн., итн., ако некој се пофали тоа е некој шалабајзер, само да се пофали и да рече дека е тоа кој знае колку убаво. Не е така...

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дине Абди...

**ФАИК АБДИ:**

Треба да вложиме напори за да биде убаво. И, ни треба малку време. Тие што купувале од нас купувале од други затоа што пет години немале од каде да купуваат. Сега, лека-полека ќе се поврзат, но треба во

квалитет и во цената, што зборуваше претходниот колега, во цената ако бидеме еднакви и подолу од цената ќе ја постигнеме ефикасноста во работењето.

Значи, му се извинувам на оној г-дин од Дебар, ќе го речам бег нека е и кај мојата секретарка има јавка од приватните кафанџии.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дине Абди, ве молам,

**ФАИК АБДИ:**

Има, од нив, јас кафанџии ги викам затоа што не одам по кафани, дека ќе ги бркаат сите роми од кафаните. Ѓавол да ги носи па нека ги избиркаат, нека не трошат пари. Меѓутоа, нека ми простат оние ако се они кафанџии, односно ресторанџии или што јас знам, бизнисмени, овој збор нека не го разберат погрешно. Да го разберат она што пред малку го реков, сиромаштијата. Имаме веќе и класна и национална и не знам каква диференцијација. Тоа постои. Ние сме запад овде. Кобајаѓи одиме кон запад. И тоа да горечеме. Кај тие кафанџии не доаѓа некој пролетер како мене. Иде некој префриган, да речеме некој и тн итн.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Добро, г-дине Абди, ве молам за темата.

**ФАИК АБДИ:**

Се извинувам г-дине претседателе.

Јас им забележувам на одредени луѓе овде што ни беа гости вчера, нека им служи на чест. Тие треба да разговараат со своите членови. Јас тоа го разбрав сега, на пауза. Да трчаат по некоја кола со стапови, не знам што таму итн. Значи ли тоа дека треба овде да ќутиме сите ако тоа прашање се постави од тие две партии? Па, да им ја дадеме државата нека прават од државата што сакаат.

VIII/6.-

Од сега нема да речам ништо јас. Меѓутоа, не можам. Јас не кажав ништо лошо. Ја кажав економијата на Македонија. Не кажав параграф тој и тој, од Уставот. Ништо не помешав. Само реков дали нудите нешто подобро. А, подобро, значи тоа, тоа и тоа. Реков, не може да понуди подобро.

Фала што ме ислушавте и што ми дадовте можност да им се извинам на г-дата што не се копуци туку се бегови, нека останат и понатаму бегови. А овие, тоа мислам на муслиманите и на ромите, оние православните, кафанџии итн., се извинувам, јас не мислев на нив, не мислев да ги правам, луѓето да ги наречам по тоа име. А, што јас знам, јас мислам дека од сите страни и голи и боси и просјаци и се. Тоа е тоа. Тоа е присутно.

Благодарам многу.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Чадиковски.

**ЉУБОМИР ЧАДИКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, почитуван директоре на Македонската радио телевизија.

Поттикнати, би сакал посебно да се обратам до известувачите и фоторепортерите на Собранието на Република Македонија, до известувачите и фоторепортерите на нашата држава и сите оние низ светот кои се нашите очи, поттикнати од чесноста на вашата професија, чувствувајќи морална обврска од името на Социјалдемократскиот сојуз и од мое лично име ќе го прочитам јавниот протест што го добивме сите овде во салата:

"Јавен протест од известувачите и фоторепортерите на Собранието на Република Македонија.

Македонските новинари повторно на свој грб ги примаат ударите на политиката.

Имено, вчера вечер околу 21,30 часот непосредно по завршувањето на седницата на Собранието на Република Македонија се случи тежок инцидент во кој настрада уште еден припадник од нашата бранша. Групата граѓани кој пред Парламентот протестираат против неприфаќањето на иницијативата за донесуваше референдум за предвремени избори со двијачки бес насрнаа на групата репортери кои беа во нивна близина, безауно удирајќи ги со летви и со пароли. Притоа, највеќе настрада снимателот на Телевизија "Сител" Гоко Поповски - Гањо, еден од нај- старите и најеминентните сниматели во земјата.

Известувачите и фоторепортерите од Македонското собрание најжестоко протестираат против овој грозен атак врз новинарската професија, изразувајќи гадење од оние кои своите политички уверувања како и фрустрации ги решаваат со тупаници".

Следуваат 22 потписи.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Станковски.

**ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ:**

Господине претседателе, почитувани колеги,

Го поддржувам излагањето на г-динот Чадиковски. Мислам дека ќе беше уште по во ред ако тоа беше изразено во името на сите нас парламентарци. Сега да не се јавуваме сите поединечно какао партии. Да бидеме рационални. Мислам дека тоа новинарите ќе го почитуваат.

Немав намера денеска воопшто да излезам. Ќе бидам краток. Ќе кажам тоа дека Радио и телевизија на Македонија е голема куќа. Технолошки многу сложена. Сите ние не ни претпоставуваме колкава сложеност техничка и друга стои позади таа куќа. Наплатата е најминорниот дел од работата на ТВ куќата. Мислам на практичниот,техничкиот дел на собирањето на парите.

VIII/8.-

Јас ќе го спомнам оној другиот дел, оној техничкиот дел. Мислам дека продукцијата, предавателите, врските, екипите кои работат на одржување на една така сложена техника и технологија е поважниот дел од сето тоа. Мислам дека тука се троши поголемиот дел од парите. И,ако сакаме да имаме квалитетна програма, да комуницираме со светот, да имаме линк - врска со светот, со Европа, ние мораме да имаме компатибилни опрема со која што ќе се комуницира и ќе може да пружи квалитет Тоа се стандарди пропишани, што мораме да ги исполнуваме. А, за да ги исполниме, мораме да имаме добра техника, да ја следиме таа техника и да ја поддржуваме. Значи, бара како опрема да биде вградена, да се одржува, а и да имаме луѓе кои ќе бидат школувани таа опрема редовно да ја поддржуваат. Не би сакал сега да се ставам во улога некого да бранам. Меѓутоа, мислам дека секогаш кога се прават некакви проекти секогаш со проектот оди некаква пресметка. Во пресметката точно се дефинира колку средства се потребни за остварување на некој проект.

Во случајов со радио-телевизијата не е направен таков проект. Ние, фактички немаме трансформација, трансформацијата во оваа куќа сеуште не е направена. А, за таа трансформација нам ни се потребни два проекти. Едниот проект е законскиот проект, Законот за радиодифузи и Законот за телекомуникација. Тоа се рамките што ќе бидат основа тимот што е во куќата да направи реорганизација и дефинира. Колку и кои луѓе ќе останат во таа куќа, а кои треба да одат.

Барем јас така мислам. Тогаш можеме да кажеме по некој период дека тие не го исполнуваат она што треба да го исполнат како национална телевизија.

Друго, сакам да кажам нешто за наплатата. Само како информација. Ислам дека во извештајот даден од телевизијата и од мислењето на Владата се две сосема различни работи. Владата вели - треба да направите се, чак и алудира на некоја кинеска самокритика како

треба да се соберат пари, а во Извештајот на телевизијата гледам дека 20 или 25, сега да не ги набројувам, се преземени акции, како модалитети да се дојде до наплата, што за мене се новина во наплатата, за да дојдат до реализација што е на висина од околу 50%. Јас ве уверувам и сум сигурен во Скопје, јавните претпријатија за водоснабдување и другите да не ги спомнувам, остваруваат наплата и комунална хигиена со процент, можеби ќе згрешам, но под 50% со 30%. Тоа ни кажува ова што колегите го дефинираат како многу голема тешкотија за наплата. Меѓутоа, сепак и овој процент покажува дека ,е постигнат висок степен на наплата во јавни однос на другите комунални давачки и овие општи/давачки, како што рече колегата.

**ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ**: (продолжение)

Јас сакам да кажам дека тоа„ не го смалува просторот Телевизијата и таа служба што се бави да не го намали уште повеќе да настојува да наоѓа други методи како да дојде денес до прибирање на така потребните пари.

Уште еден извор е многу важен, барем тој извор во светот е најважен,пропагандата маркетингот и се што стои зad тоа. Тука веројатно постојат резерви и луѓето од ТВ знаат, ги познаваат тие извори кои се со огромни потенцијали. Вие знаете дека со 80 или 70% телевииските куќи приватни се покриваат преку државни по пат на реклами.

Што се однесува до дискусијата на останатите колеги, се овие два законски проекти ќе дефинираат каква ние телевизија сакаме и колку ќе биде таа програма за народностите , националностите во Македонија кои треба нормално како граѓани да имаат пристап на таа Телевизија, да продуцираат свој дел од програма. Мислам дека тие треба да имаат такви екипи кои ќе овозможат и да покриваат и да продуцираат програма што ќе биде до тоа ниво кое е потребно. Со тоа сакам да кажам дека екипите продукцијата која стои позади сите тие редакции, дали е тоа албанска, српска, македонска се сервиси на овие продукции, така што ние не мораме да ги зголемуваме екипите и да правиме посебни радио-телевизии на српски, бугарски, влашки или било кој јазик. Ние, само дека така треба сервисот , продукцијата кој е многу поголем дел да биде заеднички за сите тие редакции и тој да биде тој кој ги снабдува со се што е потребно од документација , па до она што се снима на ТВ дневник. Јас толку, со тоа што многу лошо ми прозвучи во мислењето на Владата некако бара само критики кинески или било какви. Мислам дека

Телевизијата е куќа која е , сите се сложувате, од национален интерес. Мислам дека тука треба многу повеќе Владата да направи да ги донесе тие законски проекти, да овозможи на тој тим луѓе таму, млади луѓе тоа да го направат и потоа од нив да бара , ако е потребно, дури и кинеска самокритика.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дин Хисен Рамадани има збор.

**ХИСЕН РАМАДАНИ:**

Почитуван претседателе и колеги, ако успеам навистина сосема кратко, зошто некои од нас изгледа ги фаќа говороманија. Премногу долго за иста тема се навраќаме неколку пати и мислам дека ја оптоваруваме и седницата и темата и проблемите. Еве колку што можам пократко.

Ние навистина имаме една чудна ситуација, имаме три можности односно три варијанти околу однесувањето кон извештајот. Едната е самиот извештај, другата е мислењето на Владата и третата варијанта е мислењето на Комисијата за политички систем. Во сите овие три варијанти сега имаат свои да кажам условно и оценки и предлози. Јас мислам дека сепак између сето тоа, тоа средно решение е најдобро. Дефакто да се прифати Извештајот, да се укаже на недостатоците во неа, но да се укаже и на потребата на општеството и на Собранието кое што треба брзо да ги преземе аз да се реализираат некои цели кои што се на пат за реализација. Толку сакав да кажам само околу извештајот. Меѓутоа, сепак, пак да кажам уште три крупни прашања ни остануваат по повод сега извештајот да ги покренеме, но со законите треба дефинитивно да ги решиме, а за тоа треба да се создаде и едно јавно мнение кај нас овде, пред се, еден наш поглед кон нештата во самото

Собрание. Имено, дали ние и каква сакаме куќа како јавен сервис, односно како јавна институција од радио-дифузен систем. Сакаме таа да биде целосна куќа, која од една страна врши јавен сервис за информации од општ интерес од сите видови настани и од друга страна институција која го одржава системот технички за изведување на тие програми не само нејзини, туку на целиот релјефен систем, односно на целиот радио -дифузен систем и тоа да биде РТМ, или сакаме нешто друго. Ако сакаме ова , би рекол, во најголем, јас се извинувам не сум стручњак по ова, не е министерот тука да каже, мислам дека во најдобри решенија се најдени во оние земји каде што за оваа институција е донесен посебен закон. Само за неа. За да на сеопфатен начин ги каже и физиономијата на таа куќа и задачите на таа куќа и условите под кои таа работи што општеството ги нуди. Поправило таквите куќи не се профитабилни, односно не се комерцијални.

Втората варијанта е да биде мешана таа куќа и комерцијална и институции од јавен интерес со поделени работи внатре. При што овој дел за јавен интерес пак го зема зададокот за одржување на техничките средства, како што реков релјефни и предавателниот систем.

Трето, сосема да се издвојат техничките средства да остане сето другото комерцијално , а техничките средства некоја агенција држа на по институнациоанлен начин да ги води тие работи. Мислам со закон ние не треба овие работи да ги оставиме, па ајде да видиме на пола, па праксата што ќе покаже, па тогаш ќе видиме. Тие работи треба со идните закони да се решат. Јас се определив ако реков дека сум за единствена институција која што овие работи и од информативен карактер од јавен аспект ги обавува и тие ниските средства ги води и со посебен закон се решаваат. Но, тоа не мора да биде, тоа е мое видување, мој предлог.

IX/4.-

Второ , околу финансирањето. Овој дел што оваа институција ќе го врши како јавен сервис и делот за одржувањето на техничките средства, тоа го врши преку јавни давачки .Како сакате наречете го. Јас прво да Ви кажам најмалку сум за претплата како термин и како однос. Јас сум за еден вид јавна давачка за ова што реков, тие две сфери на општествени потреби. И друго, не сум за тоа , бидејќи Уставен суд има право дека оваа институција не треба да се претвори во државен институт, кој наметнува јавни обврски. Не може таа тоа да биде. Затоа, при бирањето таа има проблеми , зашто пак се судрува со тоа дали е таа државна или не е државна институција. Мислам дека тоа треба да биде одреден фонд при една државна институција, или како државен фонт со еден орган фондовски, кој што на еден начин тие наменски средства ќе ги додели на организацијата која ги води тие работи. Да не се гњавиме со тоа многупати и луѓето да не ги ставаме во дилема, тие сите мислат дека најголем дел на граѓаните мислат дека плаќаат само тоа што го гледаат. А не знаат тоа што го гледаат има триста други инструменти кои што мора да го обезбедат. А тоа не е работа на таа куќа и на тој новинар, туку е работа на општеството. Тоа треба да му се даде јасно на луѓето.

Четврто, мислам дека за гледаноста не можеме да дискутираме натаму. И не може да биде скапо. Ова што ни е потреба да се покрие подрачјето на територијата на целата Република со гледаност и со емисиите кои што ги врши оваа јавна институција од општ општествен интерес, тоа мора да стигне секаде. Инаку, тогаш еден дел на граѓаните ние ги изложуваме на пропаганден простор, кој што е можеби делумно против нас. Не знам колку, јас не сум стручњак, колку е тоа скапо,но мислам дека е најскапо да ја губиме ориентацијата на луѓето. Мислам

дека ако нема тоа треба побрзо Министерството и куќата да ни понудат елаборати и на Владата и на нас, па да видиме ако немаме сами да посудиме и да видиме што е тоа можно.

За кадар и за рационализација јас мислам дека тоа ќе се среди на тој начин кога ќе ја дефинираме позицијата на куќата. Тогаш ќе вршиме објеќтивно снимање на внатрешните потреби и општествените потреби и ќе кажеме за оваа потреба тоа се општествени потреби. Тоа што е преку тоа нека се формираат други организации и институции, кои што ќе ги обезбедат. Инаку, без тоа да се физиномира, без тоа да се заокружи, ние не знаеме што да одредиме и колку. А потоа да стимулираме креативните да одат таму, а не условно да речеме имбицилните или некреативците. Тогаш да стимулираме. На тој начин ќе го добиеме креативниот кадар и тоа може да биде објективно мерило. А јас мсилам,еве да кажам дека законот предложен е на пат оваа работа поблиску да ја дефинира, но мислам дека има потреба од допрецизирање околу статусот на оваа институција.

И најпосле околу програмите на националностите сакам да кажам следното. Прво, мојата теза е следната. Програмите на јазиците на националностите не се само интерес и потреба на самите припадници нанациоанлностите. Тие се потреба и интерес на целото општество.

Второ, квалитетот и квантитетот нивни е исто така интерес на целото општество. Според тоа , тоа треба д биде напореден интерес и на чинителите од националностите , во овој случај еве јас да кажам и на лабанците, но и интерес на министерството, куќат ана телевизијата па и на другите партии. Зошто? Ние имаме потреба што поголем број граѓани, сите граѓани на Републиката да го следат и оној дел на програмата што очекуваме дека дава информации, да кажеме и други и културни

вредности да произведува , кој што се во интерес на сите. Интересот е наш да бидат свртени кон таа јавна институција, односно кон тие емисии. Ако е тоа наш интерес, тогаш мораме да најдеме начини и методи по квантитет и квалитет тие да бидат така за да можат тие вредности да ги придобиваат и како консументи, а и како учесници во финансирањето на нивната дејност. Се надевам дека нема понатаму, сега се бориме, се разбира дека секој треба да се залага што повеќе и моја задача е да се залагам за поголем и поширок простор на радио- дифузниот систем на албански јазик. Но, мислам дека најдобри успеси ќе постигнеме тогаш кога ќе дојдеме до една согласност дека е тоа интерес на сите, тоа не е губиток и тоа не е попусливост спрема некого, туку вршење на една општествена должност и потреба.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дин Томислав Стојанвоски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНВОСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувано г-го Корнети и почитувани колеги пратеници, кај мене постои една дилема во почетокот дали овој материјал, овој извештај требаше да го разгледуваме пред да ги разгледуваме двата комплементарни закони. Законот за радио - дифузната дејност и Законот за телекомуникации. Од причини што сакале или не сакале ние во денешниве наши дискусии споменуваме делови од тие закони, бидејќи и нив веќе ги прелистуваме, се подготвуваме за дискусии ги разгледуваме и сметам дека можеби сето ова треба да претставува една целина. Не знам зошто на некој начин овие две работи, веројатно има некоја причина, но и оваа денешна расправа ја сметам како една подготовка едно познавање и верувам

дека ние на овој извештај сакале или не сакале ќе се навраќаме идниве денови кога овие закони ќе бидат на дневен ред на овој парламент. На некој начин извештајот за работата на МРТ во минатата година, извештајот на Владата ни претставува како еден помошен материјал да кажам, за да анализирајќи ги одредбите од законите на некој начин бараме и одредени додирни  точки, одредени добри работи, одредени работи кои што ќе мора да претрпат измени на некој начин кај нас веќе се создава една клима, се создава едностановиште како треба да биде иднината на една македонска радио-телевизија.

За мене самиот поим МРТ звучи некако многу силно. Тоа е една од институциите на државата, најмоќните, можеби по мене дури после претседателот на државата и вториот главен столб на таа наша држава, зависно како се гледа, што се бара од него, респектирајќи објективно се што може тој моќен медиум. Јас жалам што ние оваа расправа, оваа анализа ја имаме во еден период кога многу дискусии, многу мислења, многу ставови , верувам дека ќе беа поинаку ако беа тука разгледувани неколку месеци порано. Верувам дека ќе беа многу покоректни, ќе беа многу пообјективни и верувам дека дури и не ќе имаше потреба таму со големи букви биде употребен зборот одговорност. Мислам дека таквата тежина предлагам да ја оставиме откако ќе ги разгледаме предложените закони од Владата, затоа што тогаш многу работи ќе ни станат јасни. Овие закони се неодвоив дел од она што значи МРТ. И тогаш нашата објективност и нашата совест верувам дека ќе биде возбудена и ќе дојде до прав израз затоа што ќе треба да се судриме со една вистина. Вистина која што има свои аспекти, вистина која што најмалку треба да биде оптоварена од субјективност. Јавно претпријатеие кое што го формираме ние како Собрание, чии што генерален директор ние го

избираме и од каде што произлегува одговорноста и за прифаќање на извештајот за работата во тековната година. Ние имаме и други јавни претпријатија во државата, меѓутоа, извештаите на овие јавни претпријатија не доаѓаат на разгледување тука од едноставна причина што нивните генерални директори не ги избираме ние. Во суштина објективно не би требало да постои некоја голема разлика, јавен сервис, јавно претпријатие. Но сигурно дека има нешто што заслужува едно поинакво внимание, медиум, најмоќен медиум, медиум кој што мораме сите да го чувствуваме како свој , медиум кој што значи во сите сегменти. Најмалку ние во нашите дискусии обрнуваме внимание колку тој медиум ја презентира нашата стварност , нашите состојби во светот каде што најмалку имаме и технички можности и средства за инвестирање, за да практично многу работи кои што ни се подметнуваат, кои што ни се принесуваат од сите оние кои што не гледаат добро во стабилизриањето на оваа држава, сметам дека тоа можеби треба да биде првата битка и првата задача во иднината во развојот на овој медиум. Многу повеќе од она дали третата програма ќе ја следиме сите или не. По мене таа е дури дискутабилна таа програма и верувам дека кога ќе се судриме со законите сами ќе треба добро да обмислиме дали на оваа држава и треба трета програма, или пак ни треба практично еден офанзивен приод кон она што значи сателитска програма која што ќе може да ја следи еден поголем дел од светот. Затоа што ние имаме алтернативи кај нас тука. За таа трета програма имаме можност, имаме услови со многу малку средства да се постигнат ефекти. Кај сателитската програма веќе е поинаква состојбата.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ**: (продолжение)

Јас ќе ви признаам дека материјалот многу совесно го разгледав и за законите за кои треба да се произнесуваме. Од една страна причина е што, веднаш ќе кажам, не сакам веднаш ќе се оградам дека сум приврзаник дека ние треба да имаме само државна телевизија, позната како јавна телевизија, МРТ. Но, исто така ќе го кажам и следното.

Од однесувањето на МРТ ќе зависи однесувањето на сите други медиуми во државата, кои во законот ги нарекуваме комерцијални или трговски друштва.'Зошто ова го велам.

Ако МРТ има амбиции да биде единствениот медиум од кој ќе зависи развојот на сите други медиуми, ќе влезе во еден сендвич да биде напаѓана од сите страни и сиот гнев, од она што значи ми се бендисува една програма или не, да биде насочен кон оваа телевизија затоа што единствено за оваа телевизија и ние даваме свој прилог во форма на претплата.

Од друга страна мораме да признеме дека сите приватни медиуми своето извориште, ако сакате и кадровска база, практично треба да и го заблагодарат на она што значи МРТ. Растењето на оваа држава е неодвоиво од растежот на оваа моќна куќа во секој поглед, а најповеќе во она што значи национална афирмација и што значи развој и на образование и на култура, сите видови и музичка и друга до се она што значи наше секојдневни и наш поглед од светот. На некој начин сите ние, покрај овој медиум, покрај таа чаробна кутија и радиото, се разбира, сите ние се оформуваме, созреваме, сите ние во нашите размисли и се коригираме и се преслушуваме и се надополнуваме за, на крајот на краиштата да дојдеме до она оптималното. Оптималното е како што викаат "колку пари, толку музика". Колку ние да ја вртиме плочата, ќе дојдеме до тоа становиште. Дали е некој маѓепсник па да може да го

реши тоа болно прашање, финансирањето, дали тој процент ќе биде 35, 50 или нешто повеќе. Како тоа да го браниме во сите градови каде што не може да се следи третата програма, а тоа е 50% можеби повеќе од државата. Како да го одбраниме фактот што и некои моќни приватни ТВ не можат да се следат во овие градови, а сите ние како граѓани рамноправно плаќаме ист придонес. Постои ли тука некоја, што би рекле, не сакајќи една дискриминација или да речеме некој да е во една поповолна положба. Сигурно дека е.

Јас овде на трипати сум реагирал и сум замолил да преносите од некои седници продолжат да одат на прва или втора програма, а не на третата програма. Станавме веќе досадни и со пратенички прашања.

Тоа е делот дали тој медиум може тоа да го прави сам без да навлече гнев од некој друг кој го очекува тој ден еднаш во неделата за да ја следи програмата на сопствената нација, на сопствениот етнос што е еднаш во неделата. Многу сложени прашања и ќе ни треба многу поголемо разбирање за сите овие проблеми за да не ја сведеме целата оваа работа, целиот овој извештај на тоа дека некој е крив за состојбите. Или сите сме криви, помалку, нормално, првиот човек си ја сноси најголемата одговорност, но дали ние не сме криви, дали сите ние немаме дел од вината за да можеме најлесно со кревање на рака да речеме дека има некој одговорност или нема.

Јас би предложил прашањето на одговорност да остане малку за понатаму, би сугерирал најколегијално, тоа да биде после донесувањето на законите, кога веројатно, ќе имаме почиста, поизбистрена состојба и на крајот на краиштата, господо, не е тајна, јавно е дека ова место се доделува по партиска припадност, спрема договор на оние моќни партии

кои на некој начин доминираат и со парламентот и со Владата се разбира раководат и со државата, ја сносат одговорноста, сигурно и веројатно за да може таа одговорност да биде комплетна ќе мора и овој моќен медиум да се однесува така или онака. Сега повторно ние влегуваме во она што честопати ние неколкумина кои што ен претставуваме некоја голема политичка сила, но сакаме да претставуваме- некој коректор, сакаме да претставуваме некој добро-чинител, најмалку оптоварен укажувајќи на слабостите и на едната и на другата па и на третата страна. Јас мислам дека воопшто ќе немаше проблеми, овој извештај ваков каков што е даден, многу комплетен, многу солиден, многу аналитичен, дури до минути таму се дадени некои показатели, со визии за развој до 2000-та година, на прагот од XXI век што значи, ако можеме да издвоиме средства за вакви инсистирања, што добиваме со тоа. Мислам дека во една друга констелација на силите, познати како комплетниот сојуз на Македонија дека тој извештај ќе беше прифатен дури и со аплауз. Сега веќе малку состојбите се променија. Мислам да не ги решиме понатаму, сепак да го прифатиме она што почитуваниот колега и координатор, генерален секретар синоќа од оваа говорница го изјави, да го прифатиме како вистина дека ниту СДСМ прави, ниту има намера да менува квалитетни кадри, освен ако не е во прашање судирање со законот. Ние велиме, ако во сето ова има судирање со Законот, што би значело прашање на злоупотреби и сл., тогаш такви работи ја сметам ниту во извештајот од Владата ги има, ниту ги има во другиот извештај. Според тоа, дајте да дадеме еден придонес. Ако оваа институција значи, како национална институција, а верувајте ни претстои многу жестока распра- ва кога ќе треба да ја одмериме позицијата на овој медиум визави се она друго што значи комерцијални медиуми, тоа ќе биде нашиот прав предизвик и точно да одмериме развој и на МРТ и на она што значи комерцијални телевизии за кои, априори сум дека мора да се развиваат  во оваа држава, дека нема демократија

без тоа и дека развојот по извесен критичен период на прилагодување предвидувам дека ќе биде комплементарен. Ќе мора да се надополнуваат сите тие медиуми, ќе мора да се изборат заеднички за место под сонце, ако сакаат сите да се развиваат и да опстанат. Во спротивно ризикуваат сите да се уништат меѓу себе. Тоа треба на сите да им биде како појдовна основа. Нека никој нема амбиции дека може МРТ да ја уништи, ниту пак МРТ ќе може сега, да бидеме искрени, да ја згасне оваа експанзија на тие приватни радио и ТВ станици. Ред мора да направиме, редот ќе го направат законите, но нека бидат и тие избалансирани, со респект дали тие медиуми можат сите тие критериуми да ги исполнат или не, или објективно дали тоа време на прилагодување од година ипол до две години е доволно или треба нешто повеќе. Сето тоа ние ќе мораме да го одмериме во нашата расправа која, очекувам дека треба да биде богата.

Сметам дека многу работи беа изнесени во однос на програмите на националностите. Јас ќе дадам свој позитивен прилог. Не само што не сум против тие програми, дури во официјална делегација кај раководните луѓе во МРТ сум барал превод на сите говорни емисии кои се емитуваат за потребите на националностите, комплетен превод за сите емисии а не само за одредени. Тогаш ќе го имаме интересот за кој еден почитуван говорник зборуваше и давам поддршка на тоа затоа што и мене ме интересира на тој медиум што зборува, нека ми извини, најлесно ми е да го споменам Хисен Рамадани и обратно затоа што тој има прилика да ме слуша и да ме разбере. Тоа е придонес за еден заеднички интерес и тоа ќе биде придонес за еден многу поодговорен однос во тие емисии и тие настапи. На некој начин во сегашните услови, кога ниту албанската, ниту турската програма може да се следи, бидејќи не се преведува, или можеме по некоја логика или по нешто малку што подразбираме, тоа да

го правиме, не е доволно и тука не можам да прифатам одговор дека нема телевизијата кадровска и се разбира финансиска оспособеност. Сметам дека ова ќе биде прилог комплетен, да не бидеме оптоварени со тоа дали програмата ќе биде четири или шест часа или повеќе, да не бараме и други крајности, паралелни програми. Времето сите тие работи, веројатно, ќе ги изба- лансира затоа што до друга страна не прифаќам и оправдување,ако немам целосна програма, не давам телевизиска претплата. Одговорност на нас како Парламент и Влада е.

Дали претплатата ние можеме, смееме и ќе бидеме правични ако ја препуштиме само на МРТ она да се бори со неа, а дури и ние како јавни личности честопати да викаме не плаќај телевизија затоа што, еве нема пренос на прва или втора програма или не ми се бендисуваше таа и таа програма. Ако сме ние основачи на оваа куќа, нашата одговорност е секојдневна, и ние сме должни тие рефлекси од нашите изборни бази да ги пренесуваме најкоректно до компетентните во телевизијата.

Сега останува она најсуптилното, компететност.

Јас не се сомневам дека во МРТ има компетентен кадар, што значи техника, што значи одржување на таа техника а мислам дека сретнав бројка од некаде 500 инженери од различни струки, веројатно најповеќе електроничари, електричари и сл..Не се сомневам во кадровскиот потенцијал што значи основата, а тоа е новинарското перо, коментатори и сл. Останува прашањето на она што значи менаџмент и она што значи успешно водење и раководење со оваа моќна организација. Менаџментот ќе мора многу похрабро да влегува тука ризикувајќи и првиот човек на ТВ да има одврзани раце да вработува дури и луѓе познати во светот, менаџери кои знаат да прават пари и кои знаат да ги решаваат финансиските прашања и на друг начин, а не само преку

претплатата. Ова нека биде и мој прилог кон оваа дискусија и мое охрабрување дека треба да се оди похрабро, во неколку насоки што ги искажав и во секој случај денес да не ја вулгаризираме оваа дискусија со тоа што ќе се изјасниме дали го прифаќаме извештајот, позитивно или не. Нека остане малку, не е трагедија, ако е поминат петтиот месец, нека помине и шестиот, ќе поминат овие два закони и мислам дека ќе имаме малку порасчистени погледи.

**ТОДОСИЈА ПАУНОВ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници,денес на дневен ред е извештајот на МРТ за 1995 година.

Веднаш на почетокот да кажам дека извештајот е целосен, комплетен, аналитички подготвен, стручно искажани податоците во него, а тоа се гледа и од мислењето на Владата на РМ каде што дава забелешки во своето мислење на вака стручно дадениот извештај за работата на РТВ.

Не мислев да се јавам, мислејќи дека вака добар извештај нема сомневање дека Собранието ќе го прифати во целост, но сакав да се искажам по еден проблем кој го дава и Владата, а беше изнесено и во дискусијата. Тоа е проблемот во врска со наплатата на приходите Јас уште и порано, пред три-четири години реагирав на оваа работа кажав дека треба и мора да има средства кои ќе се предвидуваат во Буџетот на Република Македонија, не само за инвестиции, туку и за тековното работење. Меѓутоа, тие средства се сепак во мал износ, асе однесува на наплатата на приходите од граѓаните, што и порано се залагав дека тоа треба да биде давачка, која ќе се наплаќа од граѓаните по пат на јавни приходи, како би можеле на време да бидат обезбедени средствата. Меѓутоа, се прифати, со закон, МРТ да врши сама наплата на приходите до граѓаните, што видовме дека на некој начин е неможно. И покрај тоа

што граѓаните имаат желба да ја платат својата обврска не негирајќи ги своите обврски, но мислам дека дојдовме во таква положба, тие во моментот да немаат доволно средства и поради тоа не плаќаат.

Од страна на РТВ се преземаат сите можни мерки за наплата на приходите, меѓутоа за еден дел сеуште не е успеано поради тоа што се поднесени тужби, платни налози и други решенија за наплата преку суд. Меѓутоа гледаме и знаеме дека судовите не работат така брзо и ефикасно. Мислам дека од 1 јули тие ќе заживеат и ќе бидат брзи и ефикасни и дека ќе се наплаќа и овој вид на приходи што треба да се приберат, заради тоа што досега судската власт, ми се чини дека доволно не работеше и има голем број на предмети кои стојат уште нерешени. Поради тоа мислам дека финансиската положба и инаку би требало, со овие закони кои престојат односно што треба во иднина да се донесат ќе биде во целост решен проблемот со финансирањето. Инаку јас мислам дека треба да се гордееме со една ваква убава куќа што граѓаните чекаат програмите да ги слушаат, вредни, убави, не тоа што нашите граѓани ни даваат таква оценка, туку и другите држави и светот воопшто ни дава добра оценка за вакви брзи и добри програми што ги имаме.

XI/1 РД/ПН

**ТОДОСИЈА ПАУНОВ: (**Продолжение)

Јас гласам за извештајот и мислам дека и пратениците ќе изгласаат за извештајот, а за некои пропусти кои што во минатото ги имаме јас верувам дека тие ќе бидат постепено и целосно отстранети за поубаво реноме на МРТ и на Македонската држава.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Господине претседателе, дами и господа, изгледа на иста седница не треба да имаме две значајни точки за расправа, затоа што гледам денеска веќе интересот опаѓа. Но саскам да нагласам во принцип некои работи. Расправаме за извештајот, имаме мислење од Владата на РМ за извештајот, а после тоа имаме мислење од МРТВ за мислењето на Владата на РМ. Необичаено меѓутоа не знам зошто и на каков начин на работа и на расправа ќе биде ова. Што е тоа кога расправаме нешто и што се тоа принципи. Прво мислам дека сеуште основач на оваа куќа, на МРТВ стои Собранието на Социјалистичка Република Македонија. Собранието на Социјалистичка Република Македонија некогашна значи се преструктуира во плурално Собрание, т.е. Парламент. Ако Собранието е веќе плурално и се преструктуира МРТВ не е преструктуирано, затоа што основач сеуште не е многупартиското Собрание.

Како може да се преструктуира една ваква значајна куќа каде што сите ние кажавме по нешто дека е многу значајна, кога внатре во таа куќа не може никако да се маневрира и да се преструктуира без закон за радиодифузија и без нов закон, мислам дека дури треба да има и закон радио телевизија. Сега ние нормално расправаме и за еден извештај. Ако сеуште стои дека основач е едно социјалистичко собрание, под тие извештаи обично вака секогаш сме расправале. Извештајот е добар,

концизен, ги опфаќа сите работи и се прифаќа со сите наши забелешки и готово. Така се расправаше. Затоа, понекогаш и се јавуваат проблеми и за тоа што колку кој сака да партиципира односно да добива од таа радиотелевизиска куќа. Понекогаш дури незнае човек и што да бара, затоа што уште повеќе незнае што дава за таа куќа. Нормално ние сега се расправаме и сме се расправале ни колку пати. Посебно ние пратениците од ПДП во улога на претставници на Албанците на РМ сме имале разговори ц разговори со првите луѓе на оваа куќа, меѓутоа, неможеше да се маневрира затоа што немаше рамки од каде да се поаѓа. Односно никогаш не се знае што е што од таа куќа, затоа што немаше преструктуирање. Нормално вината секогаш не се знаеше и каде е кога сме барале редакцијата да има статусна програма тоа нормално предизвикуваше, односно се бараше трансформација во самата куќа внатрешна. Меѓутоа, такви трансформации можат да се направат кога немаш терк, кога немаш закон.

Исто така, мислам дека неможеме и не сме биле никогаш задоволни, но незнаевме од каде да поаѓаме. И сега кога гледаме во извештајот неможам да се согласам со тоа дека на македонски јазик да има 1.800 минути програма, на албански 173 минути. Никаква математика никаква компарација не фаќа, каде сме и колку сме присутни во таа телевизија. Или бројот на вработените каде што некаде е околу 2,5% се присутни кадри албанци. Може да рече некој па немаше квалификуван кадар и тн. и затоа овој процент е толку мал. Гледам таму некој податоци па со 40,7% има со средна стручна спрема. Ако не сме високо квалификувани, ама со средна стручна спрема, значи тука не е запазен адекватното да не велам, но до некаде учеството и на албанците во оваа куќа. Може некој да рече па беше тешко, требаше да се чека 5-6 години да се донесе закон  односно како да се трансформира

оваа куќа. Дајте ве молам кога земавме модели за многу, многу закони од други земји слични на ова нашава, кои се тука од прилика 2 милионски, или со оваа слика национална структура можевме еден модел да земеме исто така па да се донесе закон за да можеме да одиме на една трансформација и сите реформи во таа куќа. Исто така можевме да земеме од консултации, мислам дека тука имало луѓе од Советот на Европа, биле тука па не посоветувале, па веројатно писмено доставиле нешто и сите тие работи можевме да ги правиме за да не се доведеме во една ситуација што навистина мене лично не ми се допаѓа и прв пат ми се случува во ова Собранието да имаме мислење од Владата на РМ и после тоа мислење од МРТВ за мислењето на Владата на РМ.

**НИКОЛА Г.ПОПОВСКИ:**

Господине потпретседателе, почитувани пратеници, јас накратко само ќе ги кажам само основните мои видувања и забелешки за проблематиката за која расправаме.

Прво, мислам дека трет пат ќе потенцирам во Собранието една моја забелешка дека процесот на реформите во општеството не го тераме воедначено во сите сфери, повторно со забелешката дека најлесно се одлучивме и најчесно решивме за процесот на реформирање на стопанството да го изведеме прво. Тоа го кажав по повод една ситна измена на Законот за здравство, тоа го мислам и за уште еден поголем број на таканаречени општествени дејности кои ние дефакто не се одлучуваме брзо да ги реформираме, мислам дека и делот на МТВ туку вклучувајќи го МРТВ во делот на таканаречени електронски медиуми во државата е една иста сфера, за жал не се определивме така брзо со другиот дел паралелно да ги тераме реформите и мислам дека токму од тука произлегуваат и едел дел од

причините кои денеска поттикна и многу наши колеги да кажат нешто и повеќе од она што се однесува само за извештајот аз работа на телевизијата. Така да ако може по некаква моја интерна класификација да кажеме дека постојат сфери каде имаме реформи во фаза на завршување, или веќе завршени сфери каде што реформите одвиваат или сфери каде реформите се само почнати, јас оваа сфера би ја ставил во делот на оние каде што дефакто се започнати реформите, и тоа го поткрепувам со две битни одредници, прво дека законската рамка е недоизградена, во оваа сфера во која сите закони калкулираат, во неколку наврати направивме интервенции, вие се сеќавате, меѓутоа, неизградивме нова, таа е во фаза, и се надевам дека наредните 2-3 месеци тоа ќе се заврши, меѓутоа, и внатрешно концепциски веќе само за МРТВ мислам дека мој впечаток е повикувајќи се на извештајот дека главниот принцип на реформирање се заснова ан барање на помош од надвор, мислам вон од самата МРТВ пред се обраќајќи се кон институциите Парламент - Влада. Дури јас ќе дозволите за интерес да го земам фактот дека во самиот вовед стои една квалификација дека МРТВ прерасна во моќен технички кадровски, програмски радиодифузен систем близок по структура и производство со другите радио и телевизиски куќи во Европа, значи квалификација кажана во воведот, мислам понатаму оспорена од самиот извештај дека е прерасната во моќен, затоа што финансиски и технички извештајот укажува дека таа не е ни технички, ни технолошки ни финансиски моќна организација кадровски, програмски радиодифузен систем близок по структурата со другите телевизиски организации во Европа, за кои во извештајот се прават компарации одвреме навреме дека е потребно приближување кон нив. Ние сите точно пред една година добивме уште еден извештај на

МРТ во деловна 1994 година и мерки до јуни 1995 година во, кое истата реченица, мислам дека е само сега преземена од комплетниот вовед на тој извештај. Значи нема никаква еволуција во оценката за тоа. Она што мислам дека тука треба да го кажеме покрај другото е и следното: МРТВ е една институција во сферата на електронските медиуми која постои од пвоеќепартизмот во РМ. Меѓутоа, лично размислувам дека можеби требаше многу повеќе да ја смени таа своја структура. Едноставно фактот дека во МРТВ во еден долг период на време на монопол во информирањето кој беше пригоден согласно нас тој систем се преземаат чекори јас би ги нарекол на таканаречено супституција на монополизмот. Значи еден монопол се супституираше со тоа што се ширеше програмата внатре во тој монопол. Така телевизиските програми се раширија до 3, значи имаме 3 телевизиски програми а радио програмите, еве читаме во извештајот се раширија до 5. Тоа беше иманентно на системот кога имаше МРТВ електронски монопол во информирање во државата. Кога тој монпол на друг начин е срушен. Ние немаме потреба и понатаму МРТВ која е институција со јавен интерес да се финансира некаков јавен интерес, тоа да го супституираме и со програми на пример очигледно е тоа со III канал. Во телевизија, или со 1 или 2 канали во радиото каде што е чисто забавна функција на МРТВ. Таа забавна функција веќе немаме потреба да ја форсираме во рамки на оваа телевизија затоа што со демонополизацијата си ја преземаат други. Нашиот јавен интерес можеме ад oцениме дека не постои таму, постои на друго место, кој пазарно се реализира. Можеби треба да се размислува така. Мислам дека самото наследство не треба да .... Сега јас би се повикал на г-динот Хисен Рамадани, не треба да повторувам тоа што тој го кажа, но мислам дека едно ново структурирање е претходница што треба да се прави

понатаму во делот на МРТВ, не во делот воопшто на радиодифузијата. Едноставно треба да одиме по обратен редослед. Мислам и по самиот извештај од денешната расправа ние одиме по завртена логика. Не одиме од тоа каква програма ни треба такво уредување на системот такви пари, но мислам дека поинаку и самиот извештај е конципиран некако. Колку пари добива МРТВ какви програми дава. Јас мислам дека прво треба да се размисли за програмите што ни треба. Не знам дали ни требаат исклучиво забавни програми. Дали е тоа наш јавен интерес. За тоа имаме во приватниот дел, не знам дали ќе се согласите огромна конкуренција и огромен пазар да речеме. Јас сега ќе се повторам, но имав намера да го кажам, мислам дека веќе интересен е фактот од аспект дека ние 3 институции во оваа сфера имаме некако подеднаква одговорност и сите се грижиме за таа работа. Собранието на РМ како основач, Владата како Влада, МРТВ, некако искрено да кажам, лично не чувствувам големо задоволство од фактот дека од пишаните документи веќе е сосема јасно дека е присутен ривалитет. Можеби не толку на релација и кон овој дом, меѓутоа, на релацијата Влада - МРТВ иако не сметам дека се тоа рамноправни партнери по поставеноста во системот, сепак мислам дека е некако несоодветно, тоа треба да е еден тим кој ги гледа работите подеднакво, меѓутоа, вака префрлање на топката од една на друга страна на мрежата на одговорноста мислам дека го доведува Парламентот во потешки услов да може да> расправа па дури ќе дозволите да земам за право да кажам дека на страна 30,40 од извештајот на МРТВ јас се консултирав и со другите лица на Собранието кои всушност го поднесува извештајот спрема Парламентот. Порано го поднесувал по старите закони советот на организацијата кој веќе не постои меѓутоа ние прифативме една пракса и можеме анологно да ја

применваме дека извештајот не го поднесува институцијата денес. зад тој извештај стои директорот на МРТВ и треба да го гледаме како личност кој е биран од Парламентот, и треба да го гледаме како извештајот за таа работа во изминатиот период на институцијата меѓутоа поднесена од страна на директорот и токму од тој аспект сакам да кажам малку збунувачки за мене делува констатацијата последната реченица на страница 40 каде што подносителот на извештајот дефакто повикува на соодветна одговорност на институциите кои се согласно Уставот вовлечени во процедурата од подготовка до конечното отстапување на сила на законите. Тоа се три институции од оној кој ги подготвува, кои ги усвојува и кој со указ ги прогласува во Сл. весник на РМ и стапуваат на сила мислам дека сепак е несоодветно да се повикува на обратен редослед на таквата одговорност. Можеби треба да се потенцира како факт кој се провлекува во извештајот дека трпи соодветна конотација самиот извештај на тој факт. Меѓутоа, да се повикува ни делува така грубо на таа одговорност.

Би потенцирале уште една работа која се провлекува низ извештајот, не беше кажано, а другите работи нема д ги повторувам.

Во заклучните согледувања првата треченица од првата точка гласи: "МРТВ ги задоволува информациските, образовни, културни и забавни потреби на граѓаните, како и аудио, визуелно ги регистрира, архивира, најзначајните настани и остварувања од целокупниот општествен живот итн." Не сакам ова да се сфати никако погрешно, меѓутоа, мислам дека не смееме да се задоволиме како Парламент, дури мислам дека и подносителот на извештајот за работењето не би требало да се задоволи со констатацијата дека МРТВ во 1995 година ги задоволува.

**НИКОЛА Г. ПОПОВСКИ(**продолжение)

Јас ќе спомнам сега еден аспект кој мислам дека веќе треба иако е низ материјалот проследено,'меѓутоа не соодвествува на заклучокот. На пример ние сме последната држава на Балканот која не праќа сателитски сигнал. Денеска немањето на сателитски сигнал со т-4ква дијаспора каква што има Македонија во западна Европа во прекуокеанските држави, таква невклученост во меѓународниот промет со електронските информации веќе нем оже да донесе од наша страна заклучок дека ги задоволуваме тие. Тоа сега е еден пример, кој произлегува од извештајот, меѓутоа во заклучокот е малку, едноставно не- треба да се задоволиме со тоа што е направено, треба и понатаму да се залагаме дека тоа треба да се развива. Мислам непријатен е фактот навистина дека државите не од Европа, околу нас, и со пониско ниво на развој веќе имаат сателитски сигнал и покриваат шест седум, десет или повеќе часови телевизиска програма во Европа, а ние едноставно сме на земската репетиторска мрежа.

Благодарам.

**ДИМИТАР ТРПЕНОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги, јас овој извештај го гледам во контекст на и други извештаи што би ги направило едно претпријатие во Републикава во услови на транзиција. Мислам дека проблемите во финансиската сфера на МРТВ почнуваат уште со одлуката на Уставниот суд од 1993 година со што се изменуваат законските одредби од законот, се напаѓаат законските одредби на законот за радио телевизија од 1974 година во смисол што правото претпријатие радио телевизија на РМ да ја определува висината на надоместокот за радио телевизиска претплата на корисниците на радио ТВ приемниците е незаконита. Исто така нападнати се и одредбите на

на Правилникот за примената на законот за РТВ од страна на уставниот суд и сега од 1993 година до 1995 година настанува еден правен вакум така што граѓаните го користат овој правен вакум и имаме недоволен прилив на средства во касата на РТВ во периодот на 1993-1995 година.

Оттука и заклучокот дека некаде околу 35% односно 30% од средствата се прибрани во ова претпријатие.

`1995 година со измени и дополнување на Законот на РТВ веќе претплатата се определува како јавна давачка од 4% од просечниот личен доход објавен во стопанството во Република за актуелниот месец и на тој начин се конституира една категорија на јавна давачка како обликаторна, меѓутоа Владата на РМ со Правилникот за спроведување на Законот за РТВ остана пак на тоа дека пребирањето на средствата пак треба да го врши претпријатието МРТВ. Бидејќи се конституира јавна давачка како фискална категорија сметам дека тука е направен еден пропуст дека требаше да се номинира и орган што ќе ја реализира оваа јавна давачка која се препушти пак на МРТВ, мислам дека таа во овој период како и други стопански субјекти не се во состојба сами да ги приберат придонесите. Впрочем во секоја држава па и кај нас, да речеме, во Законот за здравство имаме фонд за здравствено осигурување и има институција предвидена што треба да ја прибира оваа јавна давачка, а во конкретниот случај тоа се дава на едно претпријатие да примени начин и средства да ги прибере придонесите за финансирање на РТВ.

Начинот на определувањето на МРТВ да го спроведува законот за оваа јавна давачка беше една неадекватна законска определба со тоа што продуцира недоволен прилив на средства во МРТВ и ако по донесувањето на актуелниот закон и трансформација на придонесите што го определуваше самата МРТВ во јавна давачка од 4% да го подобри инпутот на финансиски средства како основа за работа и развој на МРТВ.

И, тоа е фактичката состојба во сферата на приходниот дел на МРТВ. Е, сега ние велиме, дека таму има 2.000 и толку луѓе, дека тие се распоредени вака или така, дека не е извршена рационализација и со го поставувам прашањето. Како може да се изврши рационализација во едно општествено претпријатие на кој начин? Мислам дека синтагмите рационално, ефикасно, рационализација се куп на зборови, ама кој ништо не значат. Тоа се чисти пароли. Рационализација во една институција, претпријатие во актуелниов миг на транзиција се врши само со трансформација, а тоа што значи? Тоа е елемент кој што дава резултат заради тоа што се одредува и титулар , се обликува договор за работен однос и се задржува на работа само оној со кој се склучува договор односно оној кој што се цени дека е способен да работи. Тој процес транзиционен во МРТВ е празен од, ние го поставувавме и го актуелизиравме законот за радио телевизија меѓутоа настанаа промени во политичката сфера, плурализам, повеќепартизам, во Парламентот дојдоа политичките партии, меѓутоа надвор остана и натаму и капиталот и трудот и другите трансформации во другите сектори на општествениот живот па и МРТВ. И ценам дека голем број на проблеми дилеми и небулози што сега стануваат актуелни се резултат на еден празен од во трансформацијата на оваа многу значајна сфера.

И, еве сега, на дневен ред е Законот на РТВ и сметам дека на еден цивилизациски начин онака како што е примерен на транзиционите процеси примерни на европското општество, ако тоа го направиме секако дека ќе имаме на адекватен начин и подобри и финансиски и други резултати во оваа сфера.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Добро, јас навистина ќе бидам краток иако некои мои претходни колеги пратеници ја искористија оваа говорница и зборуваа во два часа, можеби и се повторуваа така ни одземаа време да ние малку повеќе

кажеме , меѓутоа за жал ете така некој синдром владее кај нас па можеби ќе дискутираме и по три часа дебата правиме тука.

Јас ќе се осврнам на некои работи во однос на извештајот. Морам да признаам дека не сум доволно стручен да можам до крај да дадам една комплетна и висока оценка на структурата, на содржината на самиот извештај, меѓутоа лично, вака, од искуство и она што го прочитав во самиот извештај можам да констатирам дека сепак извештајот е доста комплетен, мислам дека е сеопфатен дека има своја аналитичка страна, па дури и се нуди развоен пат како МРТВ ќе се развива до 2000 година со извонредник показатели и јас лично како пратеник кој недоволно ја познава оваа проблематика можам најповолно да се информирам за состојбите во МРТВ и во една смисла логички да размислувам за одредени состојби, како што понатаму.

Кога го прочитав самиот извештај ми падна во очи во делот кој се однесува на фиансовата структура и често многу пратеници од говорницата кажаа дека РТВ не презела големи мерки односно усилби и активности околу прибирање на средствата кои претставуваат, еве мојот почитуван колега Станковски тоа го потенцира, над 50% и споредбено со сите други јавни институции тоа претставува извонредна активност, извонреден параметар што за мене е тоа добро. Меѓутоа ми претставува проблем со тоа што тие давачки, таа јавна давачка што ние ја утврдивме овде во парламентот да биде 4% а која треба во вкупната финансова структура да учествува со 73% прави одредени проблеми.

Ако се сеќавате кога го носевме тој закон, таа одлука од- носно кога се утврдуваше тој процент лично јас станав да дискутирам и реков дека дали сите граѓани подеднакво можат да го поднесат овој товар. Не заради она, мојот колега Рамадани ќе каже дека имам социјалистичко размислување во тој дел па се враќам назад, меѓутоа заради состојбите

кој се во државата. И јас појдов реално од самата состојба, па сфатив и денеска , сега правам една сериозна анализа познавајќи ги сите состојби на социјалната сфера односно социјалните состојби во државата, па викам гласно размислувам ако ние во РМ имаме над стотина илјади семејства кои се користат одредени социјални помоши, давање и тн. дали таа една третина на семејства се во состојба да ги подмируваат обврските кон телевизијата, кон дистрибуцијата односно кон светлината, кон водоводот, па да не кажам и други јавни давачки.

Ние, почитувани пратеници, немаме претставници овде од Владата, мора да признаеме дека сме сиромашна држава, дека се изменети многу односи од материјален аспект кај населението и мора да потврдиме дека нашето население не е доволно спремно да ги поднесува сите овие јавни обврски кои ние по еден или друг начин ги зацртавме односно ги принудуваме она што вика колегата Трпеновски облигационо да мора тие да платат.

Е, па, да платат, ама не може да плати човекот, што да му правиме сега. Или ќе му ја сечеме струјата, или ќе му го запечатуваме телевизорот, или ќе му ја сечеме водата. Дали е тоа коректно, и дали не го нарушуваме квалитетот на живеење на еден наш граѓанин. И во таа смисла лично, искрено да ви кажам, најобјективно нити партиски обоено сметам дека телевизиската куќа направиме доволно напори да ги прибере тие средства, меѓутоа чувствувам дека сепак и таа куќа се среќава со сериозни проблеми за да може најдиректно да оди во секоја куќа и на оној корисник на социјално заштитно право и на оној пензионер кој има 3.600 денари пензија да му го прекине телевизорот за да не ја гледа македонската програма. Ние ја сечеме гранката на која стоиме. Сакаме кај граѓаните да создадеме императив во однос на она тие ќе дадеш она што треба да го дадеш, дали имаш пари или немаш тоа е друго прашање.

XII/6

Јас се залагам, ние како држава мора да го следиме овој проблем, јас верувам ние и меѓу нас и повеќе граѓани во Македонија имамат и по 3-4 телевизори во куќа, а плаќаат само за еден. А ние треба сега на некој граѓанин кои има само 1 телевизорски приемник, можеби единствена надеж, единствена можност да се информира, па и не му треба тоа да му го скратиме, мислам тоа право. Јас тврдам ако телевизија најсериозно настапи, тврдам дека 1/3 од граѓаните ќе биде во неможност да ја гледа телевизијата затоа што нема можност да ги подмири обврските. Добро ќе беше да ги разграничивме, да ги издеференциравме оние што се побогати да плаќаат поголема висина со некој однос, овие послабите државата да ги потпомогне преку одредени социјални или давање ќе бидат тоа, отстапувања и така натаму за да може и тој граѓанин да ја гледа телевизијата.

Втората моја добронамерна забелешка до директорката, мислам на страна 28 гледам дека во РМ се преземени низа активности околу подобрување на ТВ програмите низ цела Македонија. Јас како пратеник, еве 6-та година го поставувам едно сериозно прашање за подрачјето на општина Куманово. Морам да ви потврдам дека 1/3 од вкупниот простор во Куманово така наречениот Криворечкиот, така наречениот Клечоскиот крај тие практично не можат да следат програма на МТВ. Тие исклучиво пратат телевизија нас Белград, дури и бугарска телевизија.

Би молел, во идниот развој да направиме напори овие граѓани да можат тоа да го следат, во спротивно верувајте она што го рече Исмет Рамадани односно Хисен Рамадани дека телевизијата треба да биде сервис на сите граѓани во РМ и така да ги придобиеме за да можат правилно да бидат информирани.

Инаку, во целина, морам да признаам, го прифаќам извештајот кој е огледало на целокупната работа на телевизиската куќа, не влегува во вкупните анализи бидејќи не ги познавам до крај состојбите во оваа куќа. Инаку, како извештај го прифаќам.

**РИЗВАН СУЛЕЈМАНИ:**

Господ пратеници, јас навистина многу краток ќе бидам, само саскам да дадам одредено мислење за извештајот за работата на радио-телевизија. Мислам дека овој извештај, барем за мене, е некомплетен или јас не можам добро да го проучам и да дознам она што сакам да дознаам. Не можам да дознаам или сознаам дали оваа година РТВ работеше успешно или неуспешно, затоа што нема компаративна анализа. Во кој смисол? И во извештајот нема никакви податоци колку чини на правиме една минута 1992, 1993, 1994 и 1995 година. Дали во таа смисла се пораснати трошоците за производство на една минута телевизиска програма или нема. Колку минути произведува еден вработен годишно или колку се произведува телевизиска програма за 1992, 1993, 1994 и 1995 година за да може да констатирам дека 1995 или 1994 година биле поуспешни или понеуспешни.

Во табеларниот дел во делот од табелите се дава само предвидувањата, а не се даваат делот од приходите, предвидените приходи за 1995 година, затоа што е даден само дел од расходите, предвидените расходи и отворените расходи. Додека не се даваат предвидените приходи и остварените приходи ниту се дава компаративно годишно како тие се движеле. Затоа јас не можам да дадам некој мој суд дали оваа година РТВ работеле успешно или неуспешно во тој дел.

XII/8

Во делот каде се дава образложение за ненаплатување во делот во одлуката на судот, стои констатацијата дека не се наплатени сметките за претплата на телевизија, јас мислам дека претплатата престана да се плаќа кај дел корисници поради други причини. Од тука во извештајот нема ни таква научна анализа кои се правите причини, зошто од еден број граѓани односно одредена категорија на граѓани не сакаат да ја платат таа претплата што инаку треба да ја платат. Колку што знам, јас мислам дека треба да имате една таква анализа научна анализа и ќе дојдете до некои други сознанија. Јас сум убеден дека дел од граѓаните не плаќаат или не сакаат да плаќаат претплата затоа што или не се задоволни со квантитетот и квалитетот на програмата, а особено тоа се однесува за делот од програмата на националностите. Такви сигнали веќе подолго време ги добивавте и ги добивате ден денес.

Во контакт со вработените од програмата на албански јазик има сознанија дека сигурно дека интересот кај граѓаните од ова поднебје би пораснал кога тој дел квантитетон и квалитетно би се подобрил.

Друга причина, јас мислам дека има, тоа го реков и претходните дискутанти има делови потполно непокриени со програмата.

**РИЗВАН СУЛЕЈМАНИ**: (Продолжение)

Како може, да речеме делот под Сарај до Матка, кој е само неколку километри од Скопје, уште ден денес да не може да следи телевизиска програма или ако за изградба на репетитор во тој дел постои интерес не само на радио телевизија, туку таков интерес постои и кај ПТТ Македонија затоа што во идната развојна програма на ПТТ за 1996 година особено со мобилната телефонија, таков интерес постои и секогаш кога се сака може да се најде заеднички јазик, така што тој дел да се покрие со телевизиска програма и со тоа да се придонесе во прибирање на делот од претплатата. На крајот, овде незнам и неможам да го прифатам во потполност овој извештај, дали се работи за годишен извештај или за средно- рочна програма затоа што дел од извештајот содржи и дел за разви- ток или предвидувања како би се движеле тековите од 1996 до 2000 година. Така што јас мислам дека во иднина извештајот би требало да биде попотполнет за да можат да се извршат одредени компаративни анализи за да можеме да дојдеме до сознание дали навистина оваа куќа работела или не работела како што треба.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор?

Има збор господинот Исмет Рамадани.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Проштевајте, но јас неможам да се помирам понекогаш кога слушам вака нешто тенценциозно. Сакам да полемизирам малку со дискусијата, дел од дискусијата на господинот Томислав Стојановски.

Во дел од неговата дискусија тој рече дека ќе побара титлување односно превод на емисиите односно програмите на националностите и тн. Мене кога ме прашуваат и кога пополнувам анкети или формулари и ме прашуваат некаде кој странски јазици знаете вие јас некаде пишувам малку англиски, никогаш не сум пишувал дека странски јазици познавам македонски и турски. Затоа што сметам дека тие се јазици кои се зборуваат во Република Македонија и не се од странци, значи странски јазици. Па затоа јас мислам дека треба да си го повлече тоа и како мислење негови и како бараше затоа што во тоа што е рамноправност тогаш и јас ќе барам кога ќе настапи господинот Стојановски да се титлува односно превод од неговиот настап. Јас мислам дека со тоа не би требало да се сложуваме и треба да си го повлече таквото мислење.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господинот Стојановски, бара реплика.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Прво, замерувам што колегата Исмет зборуваше после мене, сега се досети отпосле дека треба да реагира на ова. Дали почна заморот кај него да делува повеќе отколку кај другите или оптовареноста, незнам, тоа е негов проблем, јас сум доволно свеж да му одговорам тука најубаво јазик се учи, паралелно ако се учи, а второ, никако споредба со службениот македонски јазик не да не држи, туку е невкусна. Според тоа, мислам дека ништо не треба да го загрижува господинот Исмет) Рамадани, што точно јас него и другите колеги сите сакам да видам едноставно што зборуваат, а за учењето тоа е мој проблем и на некои други луѓе да речеме. Веројатно знаеме толку за да разбереме кога, како велат, Исмет ни ја кара мајката на македонците,

но сакам нешто повеќе да чујам, да го видам стилот на изнесување, да видам во која форма, да видам платформа, програма. Инаку, за онаа едноставна комуникација господин Рамадани имам доволно познавање и доволно ми е тоа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господин Рамадани реплика.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Многу полесно ќе. се помирев некој друг да го кажеше тоа, меѓутоа, вие господине Стојановски освен вашиот мајчин јазик во Тетово сте опкружени со доста присутен албански јазик. Тоа значи дека што вие не го разбирате албанскиот или се работи за тоа што јас сум поинтелигентен од вас или се работи за тоа што вие не сте сакале да го научите малку албанскиот јазик.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господин Стојановски, реплика.

Немојте да почнете да демонстрирате овде на говорница.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Мислам дека една чесна намера да може да се следи на програмата на официјалниот службен јазик програма од националности воопшто не е депласирано, ниту е некоја изнудена и иритирана желба. Навистина една чесна намера и потреба би рекол и мислам дека нема потреба тоа да се политизира. Дури ако некој речеше дека не не интересира, тогаш би требало да се реагира. Сега интересот веднаш се претвора во една спротивност само да се конфронтираме овде. Точно, ова не е ниту место ниту držи за такви размислување. Впрочем јас реков дека службено сме барале како Демократска партија на Македонија да се

врши тоа титлување. А господин Исмет, ако има титлување, ќе има и повеќе вработување се разбира на албанци и веднаш тој процент ќе биде зголемен.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господинот Амди Бајрам.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Почитуван претседател, дами и господа, сакам нешто да кажам во врска со МРТВ за ромската редакција, бидејќи ние како роми во Македонија многу малку сме застапени таму во македонската телевизија, два пати неделно по 30 минути, а порано имавме по 15 минути. Јас мислам дека многу бедно тоа звучи за Македонија, за роми кои живеат како една националност овде и мислам дека би требало да размислиме сите тука да има секојдневно, а сега со два пати во неделата,вторник и петок имаме по 30 минути. Дали нас да не следат како пратеници двајца што сме, дали некои други проблеми што ги имаме во Македонија,значи тоа е само "мижи Асан да ти бајам". Јас мислам дека не би требало така, треба да се преземе нешто. Многупати бевме кај директорката со Фаик Абди пратеникот, сега и јас сум пратеник исто и секогаш се зборува дека нема финансиски средства, нема ова, нема она. Ред е еднаш и ние ромите, како сите што си го бараат своето право, и ние да го бараме ова право, да бидеме застапени секојдневно на ромски. Ако неможе по половина час, нека бидеме застапени секојдневно по 10 минути со ромска емисија.

Исто така, имам забелешка на ромската редакција. Јас се залагам секојдневно да имам по 10, 20 минути или 1 час ромска емисија, колку ќе определи МРТВ според своите можности, но еве имам и напад спрема ромската редакција. Без разлика што сум ром, ретко доаѓаат овде да не

следат како пратеници, без разлика и на другите работи што сме како роми. Значи, што треба ние да колебиме. Јас мислам дека ние ромите сме заслужиле овде во Македонија да бидеме застапени на телевизија. Јас сум повеќе застапен на македонската телевизија, на сите телевизии отколку на таа ромска, без разлика кој работи, што работи.

Друго, имам околу овие приватни телевизии. Постојат три ромски телевизии овде во Скопје. Јас сум прв против тие ромски телевизии. Неможе во 2 х 2 или 4х4 квадрати да остварат телевизија во секоја шупа. Треба малку да се поведе сметка за тоа и сум за тоа, доколку се оствари овие приватни телевизии да има, доколку се оствари да има приватна телевизија, секој да има можност - тоа мислам дека би требало, тоа е мое залагање - Македонската телевизија многу ни е голема и неискористена, па таму би требало да се земе предвид сите овие кои сакаат да имаат свои приватни телевизии па нека се приклучат таму. Дајте да отвориме еден канал таму и нека учествуваат сите.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор?

Има збор госпоѓа Корнети, директор на Македонската радио телевизија.

**МЕЛПОМЕНИ КОРНЕТИ:**

Почитуван господин претседателе, почитувани пратеници, пред се треба да истакнам дека сметам, големо е значењето што се расправа по извештајот за работата на Македонската радио телевизија во изминатата година, прво од една причина што се однесува и на комуникацијата меѓу оваа значајна институција и нејзиниот основач, Собранието на

Република Македонија. Имено, неколку претходни години, ако не грешам веројатно од 1990 година,вакви извештаи не се разгледувани, од 1994 година проследени уште со дилемата која беше искажана на говорницата, а тоа е кој кому го поднесува. Тоа се разбира повторно е поврзано со нешто на што ќе морам да се осврнам а тоа е колку законското уредување на оваа сфера, оспорувањето на некои членови од Законот од 1974 година и потоа измените во тој закон и очекувањата на новиот закон за радиодифузија, навистина ги искомпликуваа околностите кои и онака се доволно компликувани за работа на било кој субјект во Републикава, а особено во радио дифузијата која што веднаш, со почетокот на плуралистичкиот живот во Република Македонија беше предизвик за многу заинтересира- ни страни да влезат во оваа дејност.

Значи, сметам дека и денешната расправа потврди дека навистина таа комуникација е потребна од повеќе причини. Тоа може да се види на некој начин и во обемот на извештајот, кој сакајќи да покрие одредени празнини во информирањето на својот основач веројатно е пообемен отколку што стандардно би требало да биде, со приклучени десетина други материјали кои треба да илустрираат одредени зафати во Македонската радио телевизија во минатата година, информации кои биле упатувани во Владата или одредени други мали да кажеме анекси што одговараат на дел од прашањата кои можевме да ги слушнеме денес.

Јас не би повторувала дека минатата година МРТВ успеа да обезбеди еден континуитет во остварувањето на својата дејност. Не би нагласувала дека станува збор за задоволство од тоа, но земајќи ги предвид сите околности за нејзиното работење, сметаме дека и тоа се постигна навистина со максимални напори на сите вработени.

Од друга страна, мора да се каже дека пред се МРТВ, се разбира и расправата овде покажа неможе да делува и не може да биде и во својата целокупна структура и деловно работење, програмско работење и фактор кадар човек да биде надвор од се што се случува во општеството иако нели настојувавме да обезбедиме услови тој дел што е од витално значење за јавноста за овој развоен период на нашата држава, а тоа е информирањето да одговори на неопходните задачи и предизвици и да биде коректен, ако не се согласите сосема успешен учесник и фактор во следење и развивање на демократските прописи во Македонија.

Од друга страна лично јас како генерален директор кој стои зад овој извештај, до извештајниот период имам една и половина година мандатен период, во кој земајќи предвид велам околностите во кои се работеше, сепак неможе ниту во вистинска мерка да се наследат, ако имало сосема поволни претходни тенденции на работење а исто така се разбира ниту да се запрат ниту корегираат одредени други неповолни, без било каква намера да лоцирам од каде би произлегувале,да кажеме такви какви што биле. Но мислам дека видливи се дел од напорите за работење во такви услови какви што беа создадени, финансиски, законски и дел од она што понатаму ќе го говорам, а тоа ќе бидат елаборации на неколку покрената прашања - јас се разбира ќе се обидам да се осврнам само на позначајните - ќе покажат дека сепак не би можела да држи констатацијата дека решенијата сме ги барале надвор или само надвор, туку се преземени низа подготовки во самата МРТВ, а постои едно правило во проектирањето, доколку доволно време потрошивте за подготовки, тогаш реализацијата ќе оди пократко, се разбира тогаш кога ќе имате услови за реализација. Тоа се однесува и на правен и на статусен план и во смисла на рационализација нели условно земено во јавно претпријатие, ги акцептирам сите забелешки од

дискусиите, а и се разбира и на програмски и на техничко технолошки план.

Жалам што поради кусото време што го имавме од добивањето на мислењето на Владата до почетокот на седницата навистина беше тешко да се состави еден поконзистентен - не мислење, можеби малку не е сосема добро одбрана формата на обраќање но имаме право да дадеме мислење односно појаснување, особено доколку сметаме дека некои ставови или некои квалификации не се сосема аргументирани. Така што велам пред се малку би говорела за тоа зошто често во извештајот се споменува неопходноста од нов закон за радиодифузија како неопходен услов за позначајни трансформациони и други зафати во МРТВ. Не значи заради потреба или не дај боже заради немање идеа и визија па поддржување на некакво одење по инерција, туку заради тоа што тоа се навистина суштински рамки неопходни за такви зафати, за какви што сме подготвени за кои сме размислувале и за кои во МРТВ да речеме се усогласени ставовите се разбира, доколку после тие бидат поддржани и од основачот од Собранието на Република Македонија. Сакам да кажам дека законот пред се беше значаен заради тоа да се потврди или до- полни статусот на МРТВ, да се дефинира јавниот интерес што таа треба да го реализира и се разбира сето тоа со едно чувство на одговорност за еден значаен моќен систем што навистина може да се смета за еден од столбовите на државата, дури да се третира како фактор на суверенитетот,дотаму што во некои демократски земји јавната радиодифузна организација што покрива територија на државата дури е именувана во Уставот на земјите, а понатаму се разбира во најмала мерка или во јасен закон за јавна радиодифузија или во посебен закон за таа радиодифузна организација, значи за Македонската радио телевизија.

XIII/9

Кои два основни аспекти, или можеби сега еве да говорам за она што е попопуларно и што ги засега поголем дел од јавноста од граѓаните, претплатата и зошто^. таа е врзана со измена на закон. Пред се не станува збор за тоа дека МРТВ не го ценела придонесот на Собранието и Владата, со допнесување на измената на Законот за радиодифузија од 1974 година. Меѓутоа, факт е дека од оспорувањето на одредени членови кои на некој начин ја разнишаа правната основа за собирање на РТВ надоместокот, од оспорувањето до донесувањето поминаа 14 месеци и тоа е еден период тешко дека ќе може некако да се помине. Сега не би завлегувала во тоа пресметано во износи колку тоа би било приход, доколку одеше дури и со минимален затечен приход во моментот кога беа оспорени тие членови. Тоа е првиот хендикеп што ја погоди Македонската радио-телевизија, а вториот е тој што измената на законот и уредбата, со која се согласувам, и МРТ сметаше дека требаше да продолжи систем на наплата со службата за претплата на МРТ, исто така е премногу долго на снага, а беше планирана да претставува едно краткотрајно премостување на периодот до донесување на законот кој уште веднаш тогаш беше во подготовка и беше третиран како еден од приоритетите во уредувањето на радио- дифузната сфера и воопшто во донесувањето на законите.

**МЕЛПОМЕНИ КОРНЕТИ:(**продолжение)

Во тој период, се разбира, бидејќи радио дифузијата не е регулирана во целост, а субјектите што веќе почнаа да се занимаваат со тоа, значи кокомерцијалните, приватните радио и телевизиски станици барајќи го своето место во етерот и меѓу граѓаните на еден или друг начин успеаа да поколебаат дел од претплатниците. Има и други фактори повторно јас само би се повикала на тоа дека кон нашиот извештај имаме придложено посебно согледување за основните тешкотии во наплатата на РТВ надоместокот.

Не е точно дека нема укажување и за наши слабости. Тоа е некаде во извештајот. Може да се види низ преземените мерки. Тоа се одредени кадровски промени во Службата, плаќање односно наградување или плаќање на наплатувачите според реализиран процент на наплата. Морам да ви кажам дека интересирањето за оваа работа, опаѓа, за жал, бидејќи голем дел од нив се обесхрабруваат од односот на граѓаните во одредени ситуации. Така што тоа е еден од субјективните проблеми. Велам, не сме завлегувале во детали. Јас само како илустрација на дел од причините што се веројатно состав на составка на времето во кое живееме.

Понатаму, претплатата, се разбира дека едно беше тоа колебање кај граѓаните, а второто е, имено, спомнатиот нерамномерен опфат односно пренесување на обврската за плаќање на радио - дифузната такса или РТВ надоместокот на сите граѓани. Тоа е втората причина заради која придаваме големо значење на новиот закон за радиодифузија.

Значи, кога времено сметавме дека е во ред со Уредбата Службата на МРТ да продолжи да го прибира надоместокот,сметавме дека навистина за краток период тоа е подобро од едноставна причина што префрлување на прибирањето на давачката на било кој друг систем,

дали електростопанство, дали фонд во буџетот итн, ќе одземеше по наша проценка многу повеќе време и ќе отвореше проблем на запознавање на терен итн., отколку новиот закон. Инаку, тоа може би беше една заблуда. Во реалноста се покажа поинаку.

Јас само да кажам дека втората причина заради која сметаме дека тоа можеше да биде привремено решение е опфатот на претплатниците Значи, со тој закон, со таа уредба се задржа во постојниот Закон дефиниција на обврзници, дека се тоа граѓани кои регистрирале, пријавиле приемник. Таа бројка е запрена некаде на 310 илјади семејни домаќинства и плус други правни субјекти, претпријатија, фирми. Иако би требало тоа да биде обврска за јавна давачка, како јавна давачка, обврска за сите семејни домаќинства што поседуваат РТВ апарат, се разбира освен оние кои не го поседуваат и кои тоа ќе го докажат, како што впрочем ќе биде со новиот закон како што и МРТ предлагаше во својата верзија, работна верзија на законот за радио - дифуизија што го приложи уште пред повеќе од една година. Тоа беше со цел да придонесе во уредувањето на оваа сфера. Со тоа, се разбира, ќе се создадеа услови не само за избегнување на оној анимозитет кај граѓаните - зошто едни плаќаат а други не, при што, се разбира, тие што не плаќаат немаме начин да им го одземеме правото да гледаат поради неповредливоста на домот се потешко е да се из- врши контрола и да се запечати апарат.

Во крајна линија нашиот интерес не е ние да ги исклучуваме од нашиот систем. Ние сакаме програмата да е присутна. Ние работиме за граѓаните и за јавноста. Повеќе беше да се создадат услови и за евентуално преиспитување на висината на тој РТВ надоместок, тоа е едноставна математика, проширување на опфатот веќе создава услови за поинаков пристап.

Значи, малку е покомплексен само аспектот на претплатата во тој закон. За другите јас би оставила, МРТ веќе испрати мислење по

предложениот текст и до Собранието, по Предлогот за донесување на законот за радиодифузијата и не би должела.

Само ќе кажам дека тука се очекува да најде основа МРТ преку дефинирање на јавниот интерес, да најде основа за нејзиниот натамошен развој, а дел од тоа како преземени обврски и зафати го има и во извештајот. Накусо, тоа би било визија за продолжување на дејноста на МРТ како јавен сервис, современ, западноевропски тип, кај сите многу популарен британска радиодифузна корпорација. Меѓутоа, морам да кажам дека не само во јавноста, и во стручни кругови во поглед на организирање на радиодифузијата и во поглед на квалитетот на програмата британскиот модел, односно ББС е најчесто цитиран.

Значи, МРТ, во своите предлози за своја натамошна трансформација оди на една суштинска, а тоа е натамошно јакнење на квалитетите, на принципите на таа радиодифузија, што е: објективност, навременост, непристрасност во информирањето и одговорност пред јавноста што го финансира тој јавен сервис.

Тоа го сметаме за суштински, а од друга страна формално организацијата треба да доведе и до други ефекти во смисла на порационално користење на средствата, односно намена. Исто така се направени одредени зафати. Некои се реализирани, од помал обем, кои се можни во сегашните законски рамки, бидејќи да потсетам со укинувањето на одредбите од Законот од 1994 година МРТ нема веќе Општествен совет, потоа истече мандатот на Работничкиот совет, понатаму немаше основа да се бира нов или да му се продолжи мандатот. Остана и без Управен одбор или такво тело. Сето тоа се дополнителни околности, што доколку се решеа, веројатно дека и дел од зафатите што ги планираме, се разбира, во таква една процедура и постапка ќе можеа побрзо да се реализираат.

XIV/4.-

Но, би повторила дека овој период е искористен за проектирање и во таа организациона смисла и за барање, за проучување нови форми на осовременување на работата во смисла на принципот на продуценско производство, понатаму и во Законот има предлог од МРТ дел од програмата да се даде на реализација на слободни продуценти, значи надвор од куќата, што треба да има двоен ефект. Тоа е да овозможи некоја конкуренција во рамки на самата куќа, значи друг ја произведува програмата што ќе се емитува и ја финансира МРТ, а воедно на еден по, да кажам софистициран, понерадикален начин би помогнало дел од кадрите да се определат за работа надвор од системот МРТ. Значи, тоа е елаборирано во нашите предлози за работна- та верзија на законот и затоа имаме сосема јасна претстава што би значело.

Сега го допрев прашањето на кадрите, бидејќи беше често овде спомнувано. Би кажала дека во одговорот наш или во објаснувањето по Мислењето на Владата третирано е на крајот. Незнам дали е во задоволителен обем и форма, бидејќи навистина времето за подготовка беше многу кусо. Но, можам да кажам само дека постои една, мислам донекаде и заблуда, не за гломазност, не за бројот на вработените во куќата, особено на заедничките служби и мислам дека се мистифицира во таа служба, па така се претставува дека тоа е некој апарат од 527 луѓе кои нешто матно работат и кои во однос на продуктивниот кадар се веројатно, можеби вишок. Поради тоа тука се дадени и бројките, а тоа е дека од таа бројка повеќе од половината се наплатувачи. Сите системи, радиодифузни, што сами ја прибираат претплатата ги имаат во свој работен однос или по договор, зависи кој како тоа го решава. Значи, тоа се луѓе што ја вршат работата за целата МРТ а не е тоа некоја издвоена структура, сама за себе. Плус, половината од нив се во договорен однос за да може евентуално при промена на принципот на наплатата, на

начинот на прибирање на претплатата поедноставно да се реши работниот статус.

Натаму, тоа е голем објект. Вие знаете. Таму има околу 70 работници кои се грижат за хигиената. Не сме споредувале нормативи со други, но мислам дека се на долната граница. Понатаму, има околу 30 чувари на имотот и безбедноста на објектот и уште еден дел во возниот парк. Практично, вкупниот број на административни работници, сметководство, финансии и други некаде околу 60-70.

Факт е дека тука, веројатно има место за одредено намалување на бројот на вработените, меѓутоа тоа бара барем најмалку два зафати. Тоа е некако осовременување на работата и работењето, а тоа би била компјутеризацијата на што е посветен одреден простор во Извештајот. Понатаму, набавка на осовременување на техника- та во куќата, со што би имале техничко - технолошки прогрес, а со тоа би се намалил бројот на потребните извршители.

До овој момент, поради споменатите финансиски тешкотии МРТ тоа само го планира, сеуште не може да го започне.

Уште да кажам дека јас не ги знам нормативите за вработеност и на кој начин се третира бројот на вработените во другите постари јавни претпријатија. Меѓутоа, она што дури ниту во Европската радиодифузна унија не можат точно да ни кажат на минута програма колку вработени треба, дали постои европски стандард па тоа да го понудиме како норма за нас. Бидејќи тоа го нема јас овде само наведовме неколку радиодифузни организации, европски што го имаат од прилика овој обем на работа. Не и сложеност, затоа што обемот може да биде толкав а да немате поединечно програми за националности или посебни програми за иселеници надвор, како што кај нас Радиото прави, "Радио Биљана". Значи, бројките би биле, Словенија, која веќе презема некои чекори

рационализаторски има 2450 вработени, Норвешка, немавме време повеќе податоци да извлечеме, Норвешка 3100, Бугарија, која, се разбира не би требало многу да ни биде пример, ако не друго заради тоа што МРТ секогаш својата структура ја прилагодуваше на западноевропскиот модел и на структурирање на програма што е на некој начин стандард на јавен сервис, а и на техничко и организационо уредување заради едноставна потреба што таа комуникација меѓу МРТ и светот од секогаш била неопходна. До 1993 година преку ЈРТ а сега самостојно.

Така што би кажала дека, можеби е ова за друга прилика говорење, дека дури и самата организација, организационата постав ност на МРТ не е нешто што е така закостенето и да му треба ради- кално менување. Последната организациона значајна промена беше во 1989 година при што, со анализи што јас ги правев од кога дојдов се констатира дека добар дел од тие решенија дури се апсолутно на ниво на поусовршени западноевропски организации. Но, дека има и свои слабости и одтаму беше усвоен став во МРТ дека паралелно со потврдувањето на единственоста на МРТ како техничко - технолошки, пред се програмски систем треба да се настојува во рамки на таа организација да се извршат корекции и промени што ќе овозможат таа да биде, се разбира, поефикасна и да ги повлече оние механизми што ќе влијаат на тоа што овде беше прашање. Тоа е стимулација на работењето, подготвување на кадар што ќе може менаџерски, не само врвните работи да ги врши, туку раководен кадар за пониските хиерархиски нивоа. Тоа е неопходно во функционирањето на еден таков голем систем.

Сега, ако дозволите, мислам дека глобалните, по мене прашања се обидов да ги изнесам, јас би одговорила на неколку што беа многу конкретни и ги респектирав затоа што мислам дека ќе ги интересира и јавноста и граѓаните кои вие како пратеници ги претставувате.

XIV/7.-

Не се многу систематизирани, но прво би одговорила за сателитската програма што е поширок интерес на државата е не само на граѓаните по подрачни региони». Ќе кажам дека кон Извештајот е приложен концептот на програмите што го направивме минатата година. Мислам дека тоа беше некаде есента, на предлог, на барање на Владата. Инаку, таква идеја постои во МРТ веројатно и пред моето доаѓање и дури се инсистира на тоа, особено заради чувствителноста на периодот дека е многу битно јавноста да биде информирана пошироко. Меѓутоа, мислам дека тука има една мала дезинформација околу тоа дека ние сме оставиле средствата да бидат планирани во Буџетот, а не ги користиме.

Околу тоа ние сме напишале и писмо до Владата во малку поинаква смисла. Тоа е дека целокупниот проект - Сателитска програма за информирање на јавноста во странство чини 2 милиони германски марки во првата година како неповратни средства, што веројатно можат да се редуцираат на 1,5 милиони, а тоа се за подготовки. за обезбедување на предавател на земска сателитска станица за упатување на сигналот до сателитот кој потоа ќе го дистрибуира и вклучително одредени средства за адаптација на студио и уреди во куќата преку кои ќе може до таа земска станица да се емитува сигналот-Тоа би било посебно студио, заедно со свои монтажни уреди и опрема на која таа програма посебно би се подготвувала.

Бидејќи идејата наша не беше, а и колку знаеме дека другите земји што емитуваат програма не прават едноставно приклучок на тековната програма на сателит, туку се прави еден блок што се договара со посебен орган, посебни структури во државата, со Министерството за надворешни работи и во кои се определува што е цел на тоа информирање, на таа пропаганда.

Значи, тој блок од три часа, таков е нашиот предлог, бара посебен капацитет за подготовка, за монтажа, се разбира дека максимално би се потпреле на материјалите што ги имаме во куќата за трошоците да ги сведеме на минимум. Тоа ќе се работи со постојниот кадровски потенција. Но, неопходно е технички да се интервенира. При што, особено од дискусиите особено за програмата на албански јазик можеше да се чуе и тоа што капацитетите на МРТ во овој момент се апсолутно до крај оптоварени. Значи, тоа се еднократните вложувања.

Понатаму оди вложување од минимум 1,5 милиони германски марки за годишен закуп од три часа, доколку се сака да се покрие само едно подрачје во Европа или било каде во светот. Тука има варијанти ако е Европа, Централна или Северна, потоа Северноамериканскиот континент, Канада и САД и Австралија. Целиот проект веројатно би бил 8 милиони марки, за што претпоставувавме дека е неизводливо, па затоа и во варијанти е пресметувано. Но, средствата предвидени во Буџетот од 1,5 милиони се доволни само за закуп. Отсуствува остатокот од средства што требаше да бидат вложени за подготовка на проектот.

Оттаму, до одредено одлагање, па дури имаше предлог да се пренаменат тие средства, еден дел, за да може земскава мрежа во Македонија да се санира делумно, а да се активира сателитското емитување во оној момент кога ќе се обезбеди земска, предавателна сателитска станица и оние средства за студио во МРТ и се разбира пред тоа сите други тела, органи и тн. што ќе се договорат, се разбира во соработка со нас, концептот на таа програма. Значи, планирана е и радио и телевизиска, некаде меѓу 20-23 часот. Значи, не станува збор за неискористени средства, туку станува збор за незавршена финансиска конструкција околу тој проект. Инаку, варијантите ги има тука.

XIV/9.-

Каналот-3, морам да кажам дека по два основи ќе одговорам на две различни прашања, третиот канал на Македонската телевизија не е инерција, не е експанзија по инерција. Тоа е она што работи од почетокот на оваа година, бидејќи минатата година беше исклучен од работа, тоа е обид да се антипицира нашиот предлог за развој, односно доколку биде прифатен со новиот закон, а тоа е тој канал да стане регионален. МРТ, се разбира, размислувала за комерцијализација на тој канал, меѓутоа тука има еден голем проблем. Не проблем, туку објективна пречка или предуслов, а тоа е дека мрежата за тој канал го гледаат само оние општини што инвестирале во изградба на предавателна мрежа. Тоа значи општините што ги дале тие средства за 55% територија да се покрие апсолутно имаат право заедно со МРТ односно во согласност со Законот да одлучат како по- натаму ќе биде судбината на тој трет канал.

Поаѓајќи од тоа, тогаш го активиравме,кога го активирав ме, идејата беше да пуштиме сателитски програми со кои имаме регулирани легални односи за користење: МТВ и уште некои, и да ги вклучиме постапно регионалните, јавни локални телевизии во оние градови со кои веќе имаме контакт. Оние што беа заинтересирани, а немаме линковска врска, ја доставуваат програмата физички, во ленти, по автобуси и тн. Значи, тоа е идејата на Третиот канал за сега. Може да се смета дека тоа е експериментална фаза што може да претрпи промена во еден или друг правец, во договор со оние кои финансирале за изградба на мрежата.

За маркетингот треба да кажам само кратко. Тој веројатно создаде одредени забуни. Јас прибележив само една од забелешките околу податоците што можеби изгледаат чудни, меѓутоа тоа може да се објасни. Се работи за намалување на учеството на претплатата во вкупните приходи на МРТ во 1995 односно 1994 година.

XIV/10.-

Тоа е можно, но не значи дека претплатата е опадната во 1995 година заради тоа што просекот на наплатата во 1994 година е 46,5%, а во 1995 е 49,8%.

**МЕЛПОНЕТИ КОРНЕТИ**:(Продолжение)

меѓутоа, приходите од маркетингот се значително зголемени, поради што во вкупниот обем се чувствува одредено опаѓање и колебање на приходите од претплатата. За претплатата да кажам, бидејќи имаше овде така жестоко оспорување на тоа право на МРТ, да кажам дека искуствата во однос на тоа дали претплата треба да има, односно покрај претплатата треба да има право и на комерцијални услуги е многу различно. Ние имаме компаративен преглед , сакајќи да дадеме свој предлог и решение за законите и т.н., констатиравме дека е безмалку фифти фифти ситуација во западна Европа. Повторно говорам за Западна Европа, затоа што таа ние во секој случај поблиска и по структура и по начин на работа. Некои од поголемите земји, Британија односно ББС нема маркетинг, нема такви приходи, меѓутоа има други комерцијални приходи од продажба на услуги, од производство на сателитска програма за потребите на државата, незнам на арапски јазик и т.н. уште од почеток се финансира светскиот сервис, радио сервис и се разбира од други комерцијални зафати на што се базираат нивните аудиовизуелни проекти. Меѓутоа Британија има 50 илјади населени и има ниво на наплата, ефикасност од наплата од 92 или 93% сега. Се извинувам погоре кажав дека има 50 илјади население , не е точно има 50 милиони население. За разлика од тоа можам да кажам примери еве на Италија, Германија и т.н. каде што имаат исто така голема популација и висока ефикасност во прибирање на таксата, радиодифузна такса, но и право за комерцијални приходи. Кога ние сметавме дека треба да задржиме еден дел од тоа право тргнавме од тоа дека ние имаме ограничен број на претплатници и исто така ограничена моќ и дека користењето на права на приходи на маркетинг ќе помогнат да ен се притиска повеќе со висината на претплатата. А за да избегнеме да бидеме монопол кој ќе ги собере сите пари од комерцијалните услуги,

отидовме со цените повисоко, отколку што и самите сметавме дека треба, знаејќи колкава е реалната можнсот на македонското стопанство, па и воопшто заинтересираните за реклами, за да со тоа платиме привилегијата да кажам,односно можноста да се рекламира на територија на државата, а да оставиме со пониски цени средствата да ги приберат оние кои имаат локално покривање. Мислам дека сега тука има некое примирје. Имало периоди кога тоа беше навистина камен на сопнување, но, се разбира дека со законот и тоа прашање ќе се согледа сеопфатно и ќе се најде правилно решение.

Во однос на програмата за националности јас би сакала многу кратко да неведам неколку податоци или информации подобро да кажам. Тоа е дека оној цитат од овде информацијата што сме ја правеле за Владата е малку извлечено од контекст, а тоа дека до крајот на годината дефинитивно се определува обемот на програмата, тоа се однесува во оваа етапа на проширување уште на програмите на ромски, влашки и српски јазик, за кои сме договорени да одиме три пати неделно по 30 минути, а сега се емитуваат двапати неделно. Додека програмата на албански и турски јазик веќе го има обемот кој сметавме дека е можен, а тоа се 3 часа дневно. Што делот на програмата можеби не е така радо примен од јавноста, а тоа е обработената програма, мислам дека не треба да се сфати тоа како атак или како спротивставување на интересите на редакциите на гледачите. Сега говорам за Телевизија, заради тоа што кога ние тргнавме со обработена програма тоа беше за да се олесни,, ние бевме свесни дека сеуште нема кадровски потенцијал квалитетно таа програма да ја реализира и со преземање на обработена програма се олесни работата врз останатиот , во третиот час сопствена програма, со оглед, велам, на тој недовршен процес на кадровско

екипирање. Од друга страна ќе признаете сметаме дека е добро дека дел и од други содржини, не само оние кои се непосредно врзани за животот на Македонија, тоа се истражувачки документарни програми од светско производство е добро да се титлуваат, преведуваат и пласираат на албански јазик заради тоа што и тоа е еден начин да се збогати лексички и фондот и да се одржува говорот, да се циркулира со поширок круг на гледачи.

Инаку, оттука сметам дека е неоджливо плаќање според процент на програма колку имаат, целокупната програма на МРТВ би требало да биде програма за оваа националност.

Јас не би потсетувала и на некои квалитетни проекти, но треба да потсетам дека еден балкански магазин успеа и тоа по иницијатива на Бирото за меѓународна соработка на МРТ од минатата година да стане навистина едно јадро за кое верувам дека многу бргу програмски ќе се врзат сите балкански земји, еве од почетокот на оваа година пристапи тука Грција се интересира и Југославија иако тоа е сега еден почетен напор оди една на два месеци, сметаме дека успеа,ние тоа го занеме, колку голем напор требаше да се соберат редакции околу тоа и да почне да се комуницира на Балканот, а не се само преку Брисел и Женева, седиштата на Европската радиодифузна унија. така што тука гледаме голема перспектива за побрзо и ефикасно информирање во овој регион. Во однос на Матка можам да кажам тоа дека во моментов веќе се работи на проекти , се бира локација за поставување на репетитот. Меѓутоа, морам да кажам дека и другите зафати за поставување дополнително на уреди тие ги имаме тука во делот аз технички зафати во МРТ минатата година , сите тие сме ги преземале и реализирале исклучиво во соработка со локалното население. Тие разбираат дека нашите

финансиски можности се апсолутно ограничени и доколку има волја со навистина големи напори, се разбира , проектирањето, трудот, тоа е се на нашите стручњаци, меѓутоа, финансирањето на градежниот дел и опремата е некако еве во некои двојни, тројни врски. Сметам дека на поголем дел еве и од поединечните прашања со ова одговорив. Да нагласам само дека уште монопол МРТ сметам дека има само по дефиниција, заради тоа што немаме нов закон. Монополот го изгубила тогаш кога од сателитите се примаат програми во земјава, па веќе конкуренцијата ја имаме дома од икс страни и од оној момент кога се појавија и приватните радио телевизиски станици, кој едноставно си се борат за своите гледачи и слушатели, па дури како што веќе реков понекогаш и на штета на прибирањето на средствата и на некои други така по малку нелојални потези, пиратизирање на програмата на МРТ за која потоа ние не успеавме на суд да се одбраниме.

Еве сметам дека беше доволно , се обидов навистина кусо да дадам одредени појаснувања и одговори. Би сугерирала односно не знам дали имам такво право, само би укажала на тоа дека извештајот е правен навистина со искрена желба да се направи еден опстоен преглед на активностите во МРТ минатата година, да се пренесат напорите на вработените да се задржи овој систем, бидејќи сит оние сме загрижени дали ќе успееме овој кризен период, тоа ни е јасно со што помали падови во квалитетна програма или грешки во следењето на она што треба да ни е обврска. Како што реков и на почетокот резерви секако има и за подобрување на квалитетот на програмата и за порационално работење, како што впрочем од 1990 до 1995 година програмата е зголемена за 100% на Телевизија, а бројот на вработени ние незначително зголемен и тоа само во програмскиот дел, бидејќи веќе објаснив дека делот на

администрација од тогаш до сега е значително намален. Јас благодарам за вниманието.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Прво, Собранието го усвојува Извештајот за работењето на МРТ во деловната 1995 година.

Второ овој заклучок заедно со Извештајот за работењето на МРТ и Извештајот на Комисијата за политички систем да се достави до Владата на Република Македонија и до Македонската Радио Телевизија.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака?
19 пратеници гласаа за.
Дали има некој против?
43 пратеници гласаа против.
Дали некој се воздржува од гласање?
13 пратеници се воздржаа од гласање.
Констатирам дека Собранието не го усвои предложениот заклучок.

Минуваме на **точката седум** - Предлог за разрешување на судија на Окружниот суд во Битола.

Предлогот на Републичкиот судски совет Ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор , го заклучувам претресот и предлогот го ставам на гласање.

Кој е за предлогот, молам да крене рака?

56 пратеници гласаа за.

Дали е некој против? (Не)

Дали некој се воздржува од гласање? (Не)

Констатирам дека Ристо Георгиевски е разрешен од функцијата судија на Окружниот суд во Битола, поради исполнување услови за стекнување право на старосна пензија.

Минуваме на **точка осум** - Предлог на одлука за именување членови на Комисијата за изготвување Предлог за именување индивидуален работоводен орган на Факултетот за туризам и угостителство -Охрид.

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање?

Кој е за, молам да крене рака?

56 пратеници гласаа за.

Дали е некој против? (Не)

Дали некој се воздржува од гласање? (Не)

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за именување членови на Комисијата за изготвување предлог за именување на индиви-

дуален работоводен орган на Факултетот за туризам и угостителство во Охрид.

Бидејќи оваа точка навистина предизвикува интерес за пратениците, а тоа е точката 9 и последна точка на овој дневен ред. Точката гласи Информација за дадените одговори и преземените мерки по поставените пратенички прашања во Собранието на Република Македонија. Предлагам да ја одложиме оваа точка односно да го одложиме нејзиното разгледување, а кога тоа ќе биде ќе Ве информирам дополнително.

(Седницата заврши со работа во 18,25 часот).